## ООУ „НИКОЛА КАРЕВ“ – КРУШЕВО

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО
# за периодот 2017-2019

**СЕПТЕМВРИ, 2019**

# СОДРЖИНА

**СТРУКТУРА НА САМОЕВАЛВАЦИЈАТА**

**ПОДРАЧЈЕ 1**. Наставни планови и програми

Индикатор 1.1 Реализација на наставните планови и програми

Индикатор 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Индикатор 1.3 Воннаставни активности

**ПОДРАЧЈЕ 2.** Постигања на учениците

Индикатор 2.1 Постигања на учениците

Индикатор 2.2 Задржување / осипување на учениците

Индикатор 2.3 Повторување на учениците

**ПОДРАЧЈЕ 3.** Учење и настава

Индикатор 3.1 Планирања на наставниците

Индикатор 3.2 Наставен процес

Индикатор 3.3 Искуства на учениците од учењето

Индикатор 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Индикатор 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Индикатор 3.6 Известување за напредокот на учениците

**ПОДРАЧЈЕ 4.** Поддршка на учениците

Индикатор 4.1 Севкупна грижа за учениците

Индикатор 4.2 Здравје

Индикатор 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Индикатор 4.4 Следење на напредокот

**ПОДРАЧЈЕ 5.** Училишна клима и односи во училиштето

Индикатор 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Индикатор 5.2 Промовирање на постигањата

Индикатор 5.3 Еднаквост и правичност

Индикатор 5.4 Партнерски односи со родителите и со локалната и деловната заедница

**ПОДРАЧЈЕ 6.** Ресурси

Индикатор 6.1 Сместување и просторни капацитети

Индикатор 6.2 Наставни средства и материјали

Индикатор 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

Индикатор 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Индикатор 6.5 Финансиско работење во училиштето

**ПОДРАЧЈЕ 7.** Управување, раководење и креирање политики

Индикатор 7.1 Управување и раководење со училиштето

Индикатор 7.2 Цели и креирање на училишната политика

Индикатор 7.3 Развојно планирање

**ИЗВЕШТАЈ ПО ИЗВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА (ПРЕДЛОГ – МЕРКИ)**

**ПРИЛОГ БР. 1 –** Претставување на резултатите од спроведените анкети

## ПОДРАЧЈЕ 1: *Наставни планови и програми*

| бр. | Индикатор за квалитет | Теми: |
| --- | --- | --- |
| 1.1 | Реализација на наставните планови и програми | ➢ Применување на годишни програми и создавање визија за она што го посакуваме<br>➢ Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>➢ Избор на наставни програми<br>➢ Реализација на програми со системска програма |
| 1.2 | Квалитет на наставните планови и програми | ➢ Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала<br>➢ Соработка со локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>➢ Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието и определување приоритети за подобрување<br>➢ Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми |
| 1.3 | Воннаставни активности | ➢ Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>➢ Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>➢ Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>➢ Афирмирање на учениците и на училиштето преку |

**воннаставните активности**

**Индикатор 1.1** ***Реализација на наставните планови и програми***

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Применувани наставни планови и програми и создавање визија за она што го посакуваме**<br>✓ **Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>✓ **Избор на наставни предмети**<br>✓ **Реализација на програми со системска примена (Заштита на животната средина – проект ЕКО училиште)** |

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|
| ❖ **Наставни планови и програми донесени од БРО**<br>❖ **Годишни – тематски планирања на наставниците**<br>❖ **Нормативни акти на училиштето**<br>❖ **Педагошка евиденција и документација**<br>❖ **Записници од родителски совети на училиштето** | Воспитно-образовната работа во ООУ „Никола Карев" се остварува врз основа на Наставните планови и програми за деветгодишно основно образование и новите програми по Кембриџ. Тие се во согласност со програмските документи изготвени од БРО и одобрени од МОН. . Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем, а според визијата училиштето да биде со современа, ефикасна и квалитетна настава со постигање максимален развој и едукација на учениците и наставниците. Училиштето користи повеќе начини да ги информира членовите на Советот на родители и останатите родители како и сите заинтересирани за заедничка соработка. НПП во секое време им се достапни на наставниците, бидејќи се во електронска форма за секое одделение на ниво на училиште и подрачни паралелки и истите се |

| | |
|---|---|
| **❖ Записници од родителски средби**<br>**❖ Записници од наставнички совети на училиштето и активите**<br>**❖ Годишна програма на училиштето**<br>**❖ Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми**<br>**❖ Покани за учество на семинари**<br>**❖ Застапеност на изборните предмети по паралелки**<br>**❖ Дневници на паралелките**<br>**❖ Записници од работата на секциите**<br>**❖ Подготовка за натпревари**<br>**❖ Програма со системска промена добиена од БРО во согласност со МОН** | користат во секојдневното работење. 42 % од родителите сметаат дека се консултирани за квалитетот на наставните планови и програми, а додека 57 % од наставниците сметаат дека наставните програми целосно се прилагодени на потребите и можностите на учениците. Училиштето има активности за прибирање и разгледување на мислења за наставните планови и програми од наставниците, но нема  нема покренато иницијатива за нивно изменување до МОН и БРО. Учениците се запознаваат преку тематските, неделните планирања и одделенските часови. Училиштето има програми за работа со деца со посебни образовни потреби кои учат во посебни паралелки и работат според НПП одобрен од МОН и прилагоден според нивните можности и потреби. Изработени се и НПП за учениците со посебни потреби  вклучени во редовната настава Училиштето ги нуди сите изборни предмети според Наставниот план и програми одобрени од МОН.  Изборните предмети се избираат со писмено изјаснување (изјава) на родителите на секој ученик. Секој изборен предмет влегува во наставата  откако ќе се формира наставна група. Училиштето е отворено за промени и реализира  проекти кои го прават училиштето поефективно и современо. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ **Годишните планирања и тематско процесните планирања на наставниците содржат неопходни елементи за успешна реализација на наставниот час и наставната програма;**<br>✓ **Училиштето има донесено Програма за работа со деца со посебни образовни потреби по одделенија;** |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ **Активностите за прибирање и разгледување на мислења за наставните планови и програми од наставниците и родителите во однос на покрената иницијатива за нивно изменување до МОН и** БРО **не се реализирани во целост.** |

**Индикатор 1.2** ***Квалитет на наставните планови и програми***

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала**<br>✓ **Соработка со локалната средина и невладини организации во наставните програми и наставните помагала**<br>✓ **Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието и определување приоритети за подобрување** |

| | |
|---|---|
| | ✓ **Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми** |

| ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| | |
| ❖ **Стручни активи**<br>❖ **Разговор со наставници – родители**<br>❖ **Записници од активи на наставници**<br>❖ **Записници од родителски средби, на родители, Училишен одбор**<br>❖ **Записници од наставнички совети**<br>❖ **Извештаи од дисеминација на обуки** | Наставниот план и програма во целост го помага личниот и општественоит развој на учениците од различно етничко потекло со нивна еднаква полова и етничка застапеност во реализирање на содржините од: Образование за животни вештини, Вештини за живеење, Граѓанска култура, Математика со размислување во одделенска настава и со реализација на одредени теми на часовите на одделенските раководители преку соработка со педагошката служба. Во одреден дел од НПП се интегрирани содржини и особености од локалната средина. Училиштето е отворено за промени и подобрување на учењето преку иновирање за сите предмети од одделенска и предметна настава во однос на стандардите во оценувањето и водење на електронска документација. Од страна на БРО и МОН се организирани семинари за едукација на наставниците. Со анализа на годишните тематски планирања на наставата во одделенска и предметна настава се увидува дека наставниците прават одредени отстапки при реализирањето на некои наставни содржини од НПП. Како причина се јавува немање на кабинети по предметите, недостаток од нагледни средства и помагала и амортизирани апарати (печатар, фотокопир...) кои би служеле за потребите на наставниците при реализација |

| | |
|---|---|
| ❖ **Интервју со директор**<br>❖ **Анкети со наставници, родители и ученици** | на наставните содржини. ИКТ делумно се реализира поради нефункционалност на компјутерите. Во училиштето функционираат активи по сите наставни предмети и по одделенија и истите ги презентираат своите активности на наставнички совет. На прашањето: **Колку наставниците преземаат иницијатива за изменување и дополнување на наставниот план и програма до МОН и БРО -** 60 % од наставниците целосно сметаат дека таа иницијатива постои, а 30 % сметаат дека таа делумно постои. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ **Училиштето зема активно учество во организацијата и присуството на семинари во текот на учебната година;**<br>✓ **Училиштето соработува со локалната заедница и невладиниот сектор;**<br>✓ **Во училиштето функционираат активи по сите наставни предмети;** |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Недоволна реализација на ИКТ содржините<br>✓ Отстапки при реализацијата на дел од наставните содржини кај дел од наставниците<br>✓ Слаб ангажман при анимирањето на родителите за разгледување на квалитетот на наставните планови и програми |

**Индикатор 1.3** ***Воннаставни активности***

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br>✓ **Опфатеност на учениците со воннаставните активности;**<br>✓ **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**<br>✓ **Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности во училиштето и надвор од него** |

| ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| ❖ **Годишна програма за работа**<br>❖ **Планирања од наставниците за воннаставните активности**<br>❖ **Спроведена анкета од наставници, директор, ученици**<br>❖ **Педагошка** | Училиштето планира и ги реализира воннаставните активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците. 14 % од родителите сметаат дека училишниот простор и опремата нудат соодветни можности за реализација на наставните и воннаставните активности, додека 20 % од наставниците сметаат дека целосно, а 25 % од учениците одговориле дека делумно им се нуди простор за реализација на овие активности. Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во воннаставна активност во зависност од нивните желби и можности не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и тие имаат водечка улога при изготвувањето на воннаставните активности, а наставниците ја имаат советодавната координативна улога. Учениците се |

| | |
|---|---|
| **евиденција и документација** <br> ❖ **Дипломи, признанија, пофалници од учество на натпревари** <br> ❖ **Записници од стручни активи** | секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации и со поддршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво. За постигнатите резултати секогаш се пофалени и истакнати на fb- страна на училиштето. Се врши избор на најдобар ученик од 9 одделение, според постигнатиот успех од сите претходни години од неговото образование (според Правилникот донесен во 2013 год.), а најдобрите ученици се наградуваат и јавно се пофалуваат на Свечената седница на Советот на општина Крушево, на 8 септември – Денот на ослободувањето на Крушево. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ **Наставниците планираат и реализираат вонраставни активности;** <br> ✓ **Учениците учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации** <br> ✓ **Доделување на награди на учениците кои постигнале успех на натпревари и избор на првенци на генерација;** |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Опременоста со нагледни средства <br> ✓ Просторните услови |

**ПОДРАЧЈЕ 2:** ***Постигања на учениците***

| бр. | Индикатор за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| 2.1 | Постигнувања на учениците | ➢ Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, по наставни предмети и по квалификациони периоди<br>➢ Подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност<br>➢ Идентификација на ученици со потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>➢ Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната / додатната настава<br>➢ Следење на постигањата на учениците преку премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование |
| 2.2 | Задржување / осипување на учениците | ➢ Редовност во наставата<br>➢ Осипување на ученици<br>➢ Премин на ученици од едно во друго училиште |
| 2.3 | Повторување на учениците | ➢ Ученици што не ја завршуваат годината |

**Индикатор 2.1 Постигања на учениците**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата), по наставни предмети и по квалификациони периоди**<br>✓ **Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)**<br>✓ **Идентификација на ученици со потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**<br>✓ **Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната / додатната настава**<br>✓ **Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование** |

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|
| ❖ **Извештаи од стручна служба**<br>❖ **Извештаи за успехот и редовноста и во учебните: 2010/11 година; 2011/12** | Училиштето ги следи постигањата на учениците и располага со детални податоци за нивните постигања по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди во текот на целата учебната година. Се следи општиот успех на учениците во однос на полот и етничка припадност по квалификациони периоди. **Средниот успех на ниво на училиште во последните три години бележи континуирано подобрување.**<br>**Имено, во учебната 2016 – 2017 година просечниот успех е 3,97 (4,21 на** |

| | |
|---|---|
| **година; 2012/13 година**<br>❖ **Дневник на паралелките**<br>❖ **Евидентни листови за успех и поведение**<br>❖ **Записници од Наставнички совет и совети на паралелката**<br>❖ **Записници од стручни активи**<br>❖ **Анкети за ученици и наставници**<br>❖ **Годишна програма за работа и Годишен извештај за работа на училиштето** | **македонски наставен јазик и 3.70 на албански наставен јазик, во 2017-2018 година е 4.05 (4.26 на македонски наставен јазик и 3.83 на албански наставен јазик), а највисок просечен успех во последниве три години е забележан во учебната 2018-2019 година и изнесува 4.09 (4.40 на македонски наставен јазик, а 3.78 на албански наставен јазик). Вкупниот успех на учениците на крајот од оваа учебна година е поголем за 0.12 во однос на учебната 2016-2017 година, а во однос на 2017-2018 година е поголем за 0.04.** Родителите редовно се известуваат за постигањата на учениците преку родителски состаноци, индивидуални средби и отворени денови, со давање на евидентни листови за успех и поведение, а од учебната 2011-2012 година, родителите имаат можност постигањето на учениците да го следат и преку електронскиот дневник. За учеството и постигањата на учениците на разни натпревари, конкурси и слични манифестации се води комплетна евиденција. Учесниците јавно се истакнуваат на одделенски часови, приредби, одделенски совет. За подобрување на постигањата и мотивирање за редовно учење, наставниците користат разновидни и современи форми и методи за изведување на наставата и ги запазуваат критериумите за оценување. Наставниците, сознанијата од семинарите и обуките за вреднување на резултатите во учењето ги применуваат во секојдневната воспитно - образовна работа. Исто така, наставниците кои се обучуваат на одредена тема, редовно изведуваат дисеминација на тие обуки. Најголемиот број наставници ги запознаваат учениците со критериумите за оценување на почетокот на учебната година за точно да знаат што од нив се бара за секоја оценка. Се почитуваат стандардите и критериумите за оценување дадени од страна на Бирото за развој на образованието, |

и самите наставници имаат изработено свои критериуми за оценување кои ги применуваат во наставата. Резултатите од спроведената анкета за постигањата и оценувањето на учениците го потврдуваат изнесеното. По мислењето на наставниците за зголемување на мотивацијата и интересот кај учениците, за постигање на повисоки резултати се работи со интерактивни методи, се организираат дебати, дискусии, се користи ИКТ во наставата, се изработуваат проекти, презентации, истражувања, посета на институции и сл. Истите овие методи и форми на работа за подобрување на резултатите во учењето ги наведуваат учениците и наставниците. Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби, ја изведуваат главно предметните наставници, раководителот на паралелката и стручната служба- педагогот. Подобрувањето на постигањата на овие ученици се врши преку организирање и реализирање на редовна, додатна и дополнителна настава. Учениците имаат можност и самите да посетуваат додатна и дополнителна настава, што може да се види од анкетниот лист за ученици. Раководителите на паралелките, на одделенските часови разговараат со учениците за постигањата во учењето. Надарените ученици се идентификуваат од страна на предметните наставници, преку оцени, лична евиденција и проценка на секој наставник одделно, како и преку прегледи на наградени ученици. Не се користи мерен инструмент или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците. За надарените и за сите заинтересирани ученици за проширување и продлабочување на знаењата по одделни воспитно - образовни подрачје се организираат часови за додатна настава. Тоа е обврска на

| | |
|---|---|
| | наставниците, која по добиените резултати од прашалниците пополнувани од предметните наставници, се исполнува редовно во текот на целата учебна година. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ **Се следи општиот успех на учениците по квалификациони периоди;**<br>✓ **Наставниците користат современи техники и методи, ИКТ во наставата, проекти, презентации и сл. за подобрување на постигањата на учениците;**<br>✓ **Стручната служба-педагогот и наставниците ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби;**<br>✓ Се следат постигањата на учениците од различен пол и етничка припаднос. |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Интересот на учениците за додатна настава во предметна настава е мал;<br>✓ Наставниците од подрачните училишта делумно реализираат дополнителна и додатна настава |

**Индикатор 2.2 Задржување / осипување на учениците**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Редовност во наставата**<br>✓ **Осипување на ученици**<br>✓ **Премин на ученици од едно во друго училиште** |

| ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| ❖ **Податоци и извештаи од педагошката служба**<br>❖ **Записници од Наставнички совет и совети на паралелката**<br>❖ **Извештаи од раководителите на паралелките**<br>❖ **Програма за работа и Извештај за работа на училиштето**<br>❖ **Податоци од административната служба (секретар) и** | Редовноста на учениците се евидентира од страна на секој одделенски раководител, се контактира со родителите(но не сите се подготвени за соработка), се анализираат причините за отсуство од наставата и навреме се преземаат конкретни активности за подобрување на редовноста. Истата редовно се анализира преку извештаите на училиштето. Училиштето и одделенските раководители соработуваат со родителите( за кои е потребна едукација) за да се зголеми редовноста на учениците во наставата.<br>Вкупниот број на изостаноци во паралелките со македонски наставен јазик на крајот од учебната 2016-2017 година износува 11836 од кои 10252 изостаноци се оправдани, а 1584 се неоправдани. Вкупниот број на изостаноци во паралелките со албански наставен јазик на крајот од учебната 2016-2017 година износува 4994 од кои 3707 изостаноци се оправдани, а 1287 се неоправдани. Вкупниот број на изостаноци во целото училиште на крајот од учебната 2016-2017 година изнесува 16830 од кои 13959 изостаноци се оправдани, а 2871 се неоправдани. Вкупниот број на изостаноци во паралелките со македонски наставен јазик на |

| | |
|---|---|
| **Главната книга**<br>❖ **Закон за основно образование**<br>❖ **Правилник за начинот на изрекување на педагошките мерки** | крајот од учебната 2017-2018 година изнесува 10086 од кои 9845 изостаноци се оправдани, а 241 се неоправдани. Вкупниот број на изостаноци во паралелките со албански наставен јазик на крајот од учебната 2017-2018 година изнесува 3605 од кои 3153 изостаноци се оправдани, а 452 се неоправдани. Вкупниот број на изостаноци во целото училиште на крајот од учебната 2017-2018 година изнесува 13691 од кои 12998 изостаноци се оправдани, а 693 се неоправдани. Во однос на мината учебна година се бележи намалување на бројот на оправдани и неоправдани изостаноци. Вкупниот број на изостаноци во паралелките со македонски наставен јазик на крајот од учебната 2018-2019 година изнесува 10066 од кои 9899 изостаноци се оправдани, а 167 се неоправдани. Вкупниот број на изостаноци во паралелките со албански наставен јазик на крајот од учебната 2018-2019 година изнесува 3898 од кои 3769 изостаноци се оправдани, а 129 се неоправдани. Вкупниот број на изостаноци во целото училиште на крајот од учебната 2018-2019 година изнесува 13964 од кои 13668 изостаноци се оправдани, а 296 се неоправдани. Според овие податоци, минатата година е забележано значително намалување на неоправданите изостаноци. Меѓутоа, бројот на неоправдани изостаноци е се уште голем и затоа педагогот редовно одржува средба со родителите и учениците со цел укажување на важноста за редовно следење на наставата и намалување на неоправданите изостаноци. Родителите навремено се информираат за бројот на оправдани и неоправдани отсуства, се разговара со нив за причините за отсуство од настава. За учениците кои имаат повеќе неоправдани изостаноци, според Правилникот за педагошки мерки, се изрекуваат соодветни педагошки мерки. Училиштето го следи |

| | |
|---|---|
| | осипувањето и има податоци за опфатот на учениците од реонот. Последните години е забележано осипување учениците од 0,5 %. Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува значајните информации за образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Задржувањето на учениците е во тренд на опаѓање поради пад на наталитетот и иселување на младите. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ **Училиштето соработува со родителите за зголемување на редовноста кај учениците;**<br>✓ **Организирани советувања од страна на педагогот со дел од родителите;** |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Зголемување на бројот на неоправдани изостаноци кај учениците од паралеки на македонски наставен јазик; |

**Индикатор 2.3 Повторување на учениците**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Ученици што не ја завршуваат годината** |

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|
| ❖ **Годишен извештај за успехот на училиштето во учебните 2010/11, 2011/12 и 2012/13**<br>❖ **Увид во педагошка документација и евиденција**<br>❖ **Записник од Наствнички совет**<br>❖ **Закон за основно образование** | Во учебната 2018/19 година двајца ученици од 9-то одделение од Крушево и еден ученик од 9-то одделение од с. Саждево беа упатени на одделенски испит. Во нашето училиште последните три години нема ученици кои ја повторувале годината. Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година. Доколку некој ученик не е задоволен од постигнатиот успех по одделни предмети има право да поднесе приговор, согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето. |

**<u>РЕЗУЛТАТИ</u>**

| | |
|---|---|
| **<u>ЈАКИ СТРАНИ</u>** | / |
| **<u>СЛАБИ СТРАНИ</u>** | / |

**ПОДРАЧЈЕ 3: Учење и настава**

| бр. | Индикатор за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| 3.1 | Планирања на наставниците | ➢ Индивидуални планирања на наставниците<br>➢ Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>➢ Размена на искуства и информации при планирањето<br>➢ Распоред на часови |
| 3.2 | Наставен процес | ➢ Наставни форми и методи<br>➢ Избор на задачи, активности и ресурси<br>➢ Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>➢ Приод на наставникот кон учениците<br>➢ Следење на наставниот процес |
| 3.3 | Искуства на учениците од учењето | ➢ Средина за учење<br>➢ Атмосфера за учење<br>➢ Поттикнување на учениците за преземање на одговорност<br>➢ Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| 3.4 | Задоволување на потребите на учениците | ➢ Идентификување на образовните потреби на учениците<br>➢ Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| 3.5 | Оценувањето како дел од наставата | ➢ Училишна политика за оценување<br>➢ Методи и форми за оценување<br>➢ Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 3.6 | Известување за напредокот на учениците | ➢ Известување на родителите за напредокот на учениците |

**Индикатор 3.1 Планирања на наставниците**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Индивидуални планирања на наставниците**<br>✓ **Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br>✓ **Размена на искуства и информации при планирањето**<br>✓ **Распоред на часови** |

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|
| ❖ **Глобални годишни планирања**<br>❖ **Тематски – процесни планирања**<br>❖ **Дневни подготовки**<br>❖ **Разговор со педагог**<br>❖ **Записници од состаноците на стручните** | Сите наставници во ООУ„Никола Карев,“ - Крушево имаат изготвени годишни и тематски планирања, како по редовните предмети така и по изборните, слободните ученички активности, дополнителната и додатната настава. На почетокот од секоја учебна година за реализација на наставниот план и програма наставниците изработуваат Годишни и тематско-процесни планирања, планирања за соработка со родителите (изработени во електронска форма и во печатена форма) и ги доставуваат до стручната служба која пак истите ги проверува и ги доставува до директорот на училиштето. Во текот на годината наставниците изработуваат дневни подготовки во електронска и печатена форма. Дневните подготовки наставниците ги прават секојдневно, а во нив ја разработуваат содржината што ќе ја предаваат, целите што треба да се постигнат, групирани според Блумовата таксономија, како и методите и формите на наставна работа. Наставниците пишуваат дневни подготовки за час. Сите планирања на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на темата и часот. Наставниците изработуваат и критериуми за оценување кои се вметнати во |

| | |
|---|---|
| **активи**<br>❖ **Акциони планови на стручни активи**<br>❖ **Покани за обуки и семинари**<br>❖ **Извештаи за реализирани обуки**<br>❖ **Анкетен прашалник за наставници** | тематските - процесни планирања, со што на учениците и родителите им се дава до знаење кои цели треба да ги постигнат за соодветна оценка. На овој начин се постигнува поголема транспарентност, јасност и доследност во оценувањето на учениците. Стручната служба-педагоот ги чува планирањата на наставниците во посебни досиеја за секој наставник. Стручната служба-педагогот во училиштето има инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовките на наставните часови на наставниците. Стручната служба-педагогот најмалку два пати годишно ги следи планирањата на наставниците и истите ги прегледува и укажува на грешките при нивната изработка. При следењето на часовите (од педагог, директор или советник) наставниците добиле усна повратна информација за текот на посетениот час. Училиштето за поефикасно планирање на наставата, во рамките на своите можности, на наставниците им дава подршка и тоа:<br>- обезбедува Наставни планови и програми кои им се достапни на наставниците во секое време;<br>- обезбедува стручна литература, дидактички средства, компјутерска технологија (освен во подрачните паралелки), надгледни средства и сл.;<br>Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Јасно се утврдени целите на наставата, очекуваните исходи од учењето, како и наставните методи и форми на работа. Исто така, во планирањата се вклучени и различни методи на оценување и нагласени се и инструменти преку кои се спроведува оценувањето. Информациите добиени од оценувањето наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, примена на еко теми и |

содржини, консултирање со колеги од други училишта. Во нашето училиште од учебната 2014/15 година започнаа да се реализираат ***слободни ученички активности*** според Нансен моделот за интегрирано образование, на албански и македонски јазик. Активностите се реализираат во подрачните училишта во с. Борино и с. Саждево. Реализатори на слободните ученички активности на македонски и албански јазик се наставниците: Спасиче Николоска и Иснаша Салиоски. Исто така, во централното училиште се реализираат ***проектни активности*** според Нансен моделот за интегрирано образование, на македонски и влашки јазик, а како реализатори на истите се јавуваат наставниците: Тодорка Нане, Захарица Ружаноска, Маја Митева – Петроска и Надица Нане. Нансен моделот за интегрирано образование е модел кој се спроведува од страна на Нансен Дијалог Центар – Скопје и има за цел унапредување на меѓуетничката интеграција во училиштата.

Во учебната 2014/15 година нашето училиште беше вклучено во третата фаза од Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Овој проект опфаќа најразлични активности кои ги промовираат вредностите на почитување на сличностите и разликите карактеристични за различните етнички и религиозни групи кои живеат на територијата на Р.Македонија, и се залага за меѓусебно почитување и толеранција помеѓу истите тие групи.Во рамките на овој проект, во ООУ „Никола Карев“ – Крушево се спроведуваат најразлични долготрајни и краткотрајни МИО активности кои се според сите критериуми што ги промовира овој проект. Долготрајните активности опфаќаат работа на наставници и ученици од мешан етнички состав во рамките на вон наставните активности во централното училиште и во подрачното училиште во с. Борино. Краткотрајните активности пак опфаќаат еднодневни екскурзии, прослава на патрониот празник на училиштето и партнер училиштето, заедничка посета на музички концерти и театарски претстави, посета на Планетариум, учество со изработки од

| | |
|---|---|
| | учениците на новогодишниот и велигденскиот базар организиран од страна на училиштето, учество на приредбата која го одбележува Денот на власите која се одржа во Скопје, настап на учениците со точка на влашки јазик , учество на учениците кои го изучуваат предметот Јазик и култура на Власите на покана на ЦК-Р.М-ООКрушево учествуваа во проектот Една култура во една одаја/ПХВ промоција на хумани вредности, учество во турнир во мал фудбал, учество во проектот „Патувачка библиотека“, како и реализација на најразлични МИО работилници и ОЖВ работилници.<br>Распоредот на часови го прави наставник од училиштето во консултација со стручната служба-педагогот , наставниците и директорот. Притоа се води сметка за искористеност на просторните капацитети на училиштето, изедначување на бројот на часови меѓу паралелките заради застапеноста на изборните предмети во редовната настава. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **JАКИ СТРАНИ** | ✓ **Стручната служба-педаогот најмалку еднаш во едно полугодие ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата;**<br>✓ **Наставниците, размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја прават во рамките на стручните активи, во разговор со колеги од колективот и во разговор со колеги од истородни предмети од** |

| | |
|---|---|
| | **други училишта;**<br>✓ Училиштето реализира ***слободни ученички активности*** според Нансен моделот за интегрирано образование на албански и македонски јазик. |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ При изработка на распоредот на часови запоставен е педагошкиот елемент;<br>✓ Не е реализирана обука за наставниците за изготвување на индивидуални образовни планови за ученици со посебни образовни потреби; |

**Индикатор 3.2 Наставен процес**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Наставни форми и методи**<br>✓ **Избор на задачи, активности и ресурси**<br>✓ **Интеракција помеѓу наставниците и учениците**<br>✓ **Приодот на наставникот кон учениците**<br>✓ **Следење на наставниот процес** |

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|
| ❖ **Инструменти за следење на планирањата на** | Наставниците од одделенска настава во текот на воспитно-образовниот процес користат најразновидни наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Користат добро испланирани методи за да работат со учениците индивидуално, во групи или со цела паралелка. Можноста за континуирано |

| | |
|---|---|
| **наставниците**<br>❖ **Инструменти за следење на реализацијата на наставниот час**<br>❖ **Инструмент за следење на водењето и текот на наставниот час**<br>❖ **Забелешки на стручната служба од увид на час**<br>❖ **Годишни, тематски и дневни планирања**<br>❖ **Годишна програма за работа на директор и** | запознавање на учениците и нивните способности, како и описното оценување, овозможуваат комбинирана примена на различни форми и методи на работа. Најчести форми и методи кои се користат се: заедничка работа, индивидуална, групна, работа во парови, метод на усно излагање, интерпретативно - аналитички метод, метод на истражување, дебата и дискусија, ученички прашања за целисходно учење (УПЦУ), метод на играње улоги, текст - метод, знам, сакам да знам, научив и уште сакам да знам (ЗСНУ), метод: улога, публика, форма и тема (УПФТ), правење листа за аналитичко оценување во училница, метод на цртање, метод на решавање, метод на експеримент и други. Наставниците ги планираат сите задачи и активности кои треба да се реализираат во училиштето или дома, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата. При реализирање на овие наставни форми и методи како ресурси се користат: компјутер, печатач, училишна табла, текстови, стручна литература, весници и списанија, документи и обрасци, телевизор, касетофон, клавир, географски и историски карти, глобус и др. 85% од наставниците сметаат дека користат различни наставни форми и методи според структурата на учениците, 39% од наставниците сметаат дека делумно применуваат ИКТ во наставата, а 45 % од наставниците сметаат дека применуваат Еко стандарди во наставата. Според наставниците од предметна настава кои работат во училници опремени со компјутери (освен во подрачните училишта во с.Норово и с.Саждево), распоредот на клупите ја отежнува креативноста во наставата во текот на наставниот процес и ја оневозможува целосната реализација на групна работа. Речиси сите наставници се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата и истите ги применуваат за реализација на своите наставни програми. Правилниот избор на задачи и активности, за постигнување на предвидените цели на наставата, претставува карактеристика на работењето на поголем број |

| | |
|---|---|
| **педагог**<br>❖ **Анкетен прашалник за наставници**<br>❖ **Анкетен прашалник за ученици**<br>❖ **Сертификати на наставници**<br>❖ **Интерни белешки на наставниците**<br>❖ **Дневници на паралелките**<br>❖ **Проекти на ученици** | од наставниците. При изборот на задачи и се внимава да биде овозможена реализацијата на активности со различно ниво на сложеност, прилагодени на индивидуалните потреби на учениците. Во зависност од потребите на наставниот предмет, за успешна реализација на на некои часови, наставниците користат ресурси кои ги има училиштето или пак учениците заедно со наставниците истите ги приспособуваат или набавуваат. На почетокот на учебната година наставниците им ги соопштуваат на учениците и нивните родители целите на наставата, критериумите и стандардите за оценување. Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование. Кај поголем дел од наставниците, во реализацијата на наставата се употребуваат различни интерактивни методи, што подразбира активно вклучување на учениците во процесот од наставата при што се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците. Учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера. Во училиштето претежно се промовира заемното почитување, помошта, соработката и разбирањето. Нема разлика меѓу учениците според полот, социјалното потекло, етничката и религиската припадност. 87 % од родителите сметаат дека наставниците ги почитуваат правата на децата и кон нив се однесуваат со почит и разбирање. Училиштето нема пропишано интерна процедура за следење на наставниот процес континуирано и на различни нивоа. Во текот на првото и второто полугодие, секој наставник се посетува на час најмалку два пати во полугодие од страна на директорот или стручната служба-педагогот. За посетата на часот се води евидентен лист, а за впечатоците со наставникот се разговара по завршувањето на часот. Наставниците меѓусебно се информираат за планирани часови и разменуваат искуства што доведува до корелација меѓу содржините од различни наставни предмети (преку ИКТ, ЕКОЛОГИЈА и сл.) со што се овозможува стекнување повисоко ниво на знаење, способности и вештини кај учениците. На |

| | |
|---|---|
| | тој начин се обезбедува квалитетна настава и поголеми резултати од работењето. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ **За реализирање на наставата наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Притоа, тие ги користат расположливите ресурси во училиштето;**<br>✓ **Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења. На овој начин се гради доверба помеѓу наставниците и учениците;**<br>✓ **Приодот на наставникот со учениците е индивидуален и адекватен според можностите, способностите и интересите на ученикот;**<br>✓ |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Недостасува реализација на отворени часови, организирани од наставниците, за меѓусебна размена на искуства;<br>✓ Распоредот на клупите во училниците во кои има компјутерска техника ја отежнува работата и ја попречува креативноста на предметните наставници;<br>✓ Училиштето нема пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес. |

**Индикатор 3.3 Искуства на учениците од учењето**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Средина за учење**<br>✓ **Атмосфера за учење**<br>✓ **Поттикнување на учениците за преземање одговорност**<br>✓ **Интеракција на учениците меѓусебе и со возрасните во училиштето** |

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|
| ❖ **Анкетен прашалник за ученици**<br>❖ **Анкетен прашалник за наставници**<br>❖ **Анкетен прашалник за родители**<br>❖ **Годишна програма на училиштето**<br>❖ **Програма за работа на Еко –** | Во училиштето се работи за создавање на стимулирачка средина која буди интерес за учење. Трудовите на учениците се транспарентни и се изложуваат во училницата и во холот од училиштето. Учениците се изјасниле дека имаат можност самостојно да размислуваат, да даваат предлози и да преземаат одговорност. Наставниците најмногу ги вклучуваат учениците во наставата мотивирајќи ги самостојно да се истакнуваат, преку постојано прашување и преку изработка на проекти. Учениците можат да го искажат своето мислење пред наставниците за одделни прашања и проблеми. Учениците сметаат дека нивната меѓусебна соработката е на задоволително ниво. 79% од родителите сметаат дека учениците се активно вклучени во наставата низ разговор, изработка на задачи, практични трудови и ученички излагања. Исто така, 89 % од родителите сметаат дека наставниците им даваат насоки како им помагаат на децата во секојдневните училишни активности. Организирани форми на поттикнување, мотивирање, остварување соработка меѓу учениците и наставниците, училиштето има за време на еколошки акции, Денот на дрвото, Патрониот празник на училиштето, манифестации по повод Нова година, хуманитарни акции во соработка со Црвениот крст, еднодневни и |

| | |
|---|---|
| **одборот**<br>❖ **Трудови на учениците** | повеќедневни екскурзии и др. Училиштето активно учествува во повеќе проекти за „Еко училиште“, за која цел има формирано и Еко-одбор од ученици и наставници. Нивната активност во училиштето се гледа во организирање еко-трибини, советувања, изготвување флаери со еколошки пораки, истакнување на видно место на трудовите на учениците кои содржат еко-мотиви, учество на еко-кампови итн. На овој начин се врши влијание врз свеста на учениците за консумирање здрава храна, чување на природата и околината во која се учи и живее. Во своите тематски планирања секој наставник внесува еко-содржини кои одговараат на наставиот материјал со што би се афирмирала еко-свеста кај младите луѓе - учениците. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ **Вклучување на учениците во различни проекти**<br>✓ **Ученичките трудови се истакнувани на видни места;**<br>✓ **Учениците имаат можност да го кажат своето мислење и да учествуваат во давање предлози ;** |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Со проектот „Компјутер за секое дете“, заради распоредот на клупите, во некои простории се оневозможува групна работа;<br>✓ Училниците во предметна настава не делуваат како стимулирачка средина; |

**Индикатор 3.4 Задоволување на потребите на учениците**

| **ТЕМИ:** | ✓ **Идентификување на образовните потреби на учениците**<br>✓ **Почитување на различните потреби на учениците во наставата** |
|---|---|

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|
| ❖ **Анкета за ученици**<br>❖ **Анкета за наставници**<br>❖ **Анкета за родители**<br>❖ **Записници на ученичката заедница**<br>❖ **Евиденција на стручната служба**<br>❖ **Записници од Одделенски и Наставнички** | Наставниот кадар и стручната служба-педагогот систематски ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик. Тие користат разновидни техники за откривање и воочување на образовните потреби на секој ученик. За своите образовни потреби учениците разговараат со одделенскиот раководител на одделенските часови, а наставниците разговараат на ниво на стучни активи , Одделенски совети, на Наставничките совети и на Совет на родители. Образовните потреби на учениците се задоволуваат и преку слободен избор на изборни предмети. Секој ученик има можност да ги истакне своите афинитети со учество во слободните ученички активности. За образовните потреби и проблеми, учениците дискутираат и на ниво на ученичка заедница. За проблемите во врска со учењето, секој ученик може да се обрати до педагошката служба и да разговора за истите, како и за начинот на нивно решавање. Притоа, се преземаат многубројни активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките. Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање: редовна настава, изборна настава, дополнителна настава, додатна настава, преку темелно објаснување на материјалот, разговор за нивните интереси, индивидуални разговори за разни теми, разговори за проблеми од лична природа. За |

| | |
|---|---|
| **совет**<br>❖ **Записници од Совет на родители**<br>❖ **Наставни планови и програми**<br>❖ **Сертификати на наставници од одржани обуки** | поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите. |

**<u>РЕЗУЛТАТИ</u>**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ **Наставниот кадар и стручната служба-педагогот систематски ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик;**<br>✓ **Се користат разновидни техники за откривање и воочување на образовните потреби на секој ученик;**<br>✓ **Поголем број наставници имаат индивидуален пристап кон секој од учениците;**<br>✓ **Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку темелно објаснување на материјалот, разговор за нивните интереси, индивидуални разговори за разни теми, разговори за проблеми од лична природа.**<br>✓ **Индивидуални разговори со родителите;** |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Не се забележани слаби страни; |

**Индикатор 3.5 Оценувањето како дел од наставата**

| ТЕМИ: | ✓ Училишна политика за оценување<br>✓ Методи и форми на оценување<br>✓ Користење на информациите од оценувањето во наставата |
|---|---|

| ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| ❖ Годишна програма за работа на училиштето<br>❖ Стандарди за оценување<br>❖ Критериуми за оценување<br>❖ Педагошка евиденција и документација<br>❖ Користени инструменти за оценување<br>❖ Примери на оценети ученички трудови<br>❖ Анкетен прашалник за ученици<br>❖ Анкетен прашалник за наставници | Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Во училиштето редовните и изборните наставни предмети се оценуваат описно (од прво до трето одделение во текот на сите класификациони периоди и од четврто до шесто одделение во непарните тримесечија) и со нумерички оценки од недоволен (1) до одличен (5) (од седмо до деветто одделение во текот на сите класификациони периоди и од четврто до шесто одделение во парните тримесечија). Поведението на учениците се оценува како: примерно, добро и незадоволително. Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби, кои се реализираат на почетокот на учебната година. Наставниците користат различни инструменти за оценување на постигањата на учениците при што ги применуваат критериумите и стандардите за оценување на учениците. Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, чек-листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во |

| | |
|---|---|
| ❖ **Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родителите**<br>❖ **Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на постигањата на учениците**<br>❖ **Портфолија на наставници**<br>❖ **Ученички портфолија**<br>❖ **Електронски дневник**<br>❖ **Евидентни листови**<br>❖ **Свидетелства**<br>❖ **Дипломи** | дебати и дискусии, заинтересираноста итн. Различните приоди во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања, за што потврдуваат и резултатите од спроведените анкети. Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и  планирањето  планирањето на наставата. 95 % од наставниците водат портфолио за напредокот на секој ученик. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ **Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби,**<br>✓ **Наставниците користат различни методи и форми на оценување;**<br>✓ **Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците**<br>✓ **Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата;** |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Мало вклучување на учениците во метод на самооценување. |

**Индикатор 3.6 Известување за напредокот на учениците**

| **ТЕМИ:** | ✓ **Известување на родителите за напредокот на учениците** |
|---|---|

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|
| ❖ **Електронски дневник**<br>❖ **Педагошка евиденција и документација**<br>❖ **Анкетен прашалник за наставници**<br>❖ **Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители**<br>❖ **Евидентни листови**<br>❖ **Свидетелства** | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, родителски состаноци кои се одржуваат најмалку четири пати годишно, индивидуални средби со родителите. Бидејќи дел од наставниците не се секогаш во училиштето, постои уредно истакнат распоред на приемни денови за секој наставник и за неговото присуство и достапност на огласна табла. Средбите со родителите се добро организирани и на на нив јасно се пренесуваат информациите. На овие средби се разговара за успехот и поведението на учениците, однесувањето на учениците во и надвор од училиштето, за неопходноста од научно знаење, избегнување на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивни црти на личноста. 97 % од родителите сметаат дека наставниците редовно и навремено ги известуваат за напредокот на нивното дете. Родителите добиваат и пишани документи: евидентни листови, свидетелства и дипломи со информации и детали за напредокот на нивното дете во воспитно-образовниот процес, вклучувајќи |

| | |
|---|---|
| ❖ **Дипломи** | информации за: оценките, поведението, реализираните проектни активности, бројот на изостаноци. Исто така се води и електронски дневник. Со пристап во е-дневникот родителите можат лесно да биде информиран за оценките и редовноста на своето дете, писмените работи и тестовите на знаење, поведението итн. Средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, одржува и педагогот и притоа врши советодавна работа, упатувајќи ги родителите на постапки кон решавање на овој проблем. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ **Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува;**<br>✓ **Средбите со родителите се добро организирани и на нив јасно се пренесуваат информациите;**<br>✓ **Родителите добиваат и пишани документи: евидентни листови, свидетелствa и дипломи со информации и детали за напредокот на нивното дете во воспитно-образовниот процес;**<br>✓ **Средби педагог-родители (на децата кои постигнуваат слаби резултати)** |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ \ |

**ПОДРАЧЈЕ 4: Поддршка на учениците**

| бр. | Индикатор за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| 4.1 | Севкупна грижа | ➢ Индивидуални планирања на наставниците<br>➢ Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>➢ Размена на искуства и информации при планирањето<br>➢ Распоред на часови |
| 4.2 | Здравје | ➢ Наставни форми и методи<br>➢ Избор на задачи, активности и ресурси<br>➢ Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>➢ Приод на наставникот кон учениците<br>➢ Следење на наставниот процес |
| 4.3 | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | ➢ Средина за учење<br>➢ Атмосфера за учење<br>➢ Поттикнување на учениците за преземање на одговорност<br>➢ Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| 4. 4 | Следење на напредокот | ➢ Идентификување на образовните потреби на учениците<br>➢ Почитување на различните потреби на учениците во наставата |

**Индикатор 4.1 Севкупна грижа за учениците**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br>✓ **Превенција од насилство**<br>✓ **Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br>✓ **Квалитет на достапна храна**<br>✓ **Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**<br>✓ **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства** |

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|
| ❖ **Годишна програма на училиштето**<br>❖ **Кодекс на однесување во училиштето**<br>❖ **Правилник за заштита и спасување од елементарни и други несреќи**<br>❖ **Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи** | На почетокот на учебната година училиштето врши подготовка за почеток на наставната година и безбедно одвивање на наставата. Безбедноста во училиштето задоволува. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава и инфраструктурата во училиштето (мебел, скали, подови, прозорци, струјни места, двор) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците со исклучок на дел од подрачните училишта. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и двор. Сите опасни места во училиштето и училишниот двор (шахти, штекери и сл.) се заштитени и не претставуваат опасност за учениците. Обележани се хидрантните бази, редовно се сервисирани и проверени ПП апаратите. Училиштето има изработен Правилник |

| | |
|---|---|
| ❖ **Закон за основно образование**<br>❖ **Увид во просториите на училиштето и училишниот двор**<br>❖ **Програма за работа на педагог**<br>❖ **Евиденција од предметни наставници**<br>❖ **Записници од родителски средби**<br>❖ **Записници од Совет на родители**<br>❖ **Извештај од стручната служба за трибини и работилници**<br>❖ **Белешки од одделенски раководител**<br>❖ **Флаери и плакат за здрава храна**<br>❖ **Извештај од работењето на ЕКО одборот**<br>❖ **Програма за работа на** | за заштита и спасување од елементарни и други несреќи и Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Училиштето располага со прирачна аптека за прва помош. За обезбедување на благосостојба на учениците, за време на наставата која се изведува во две смени има дежурни наставници кои водат грижа за да не настанат проблеми за време на одморите во училиштето и училишниот двор. Училиштето е вклучено во обработка на теми за насилство преку училишната политика за намалување на насилството во училиштето и делот од програмата за работа на педагогот кој се однесува на оваа проблематика. Според пишан документ, во училиштето се забранети сите видови на психичко и физичко насилство. Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците, истакнат на јавно место во кој е наведено дека, доколку кај учениците се јават проблеми од било каков карактер (лични, во врска со училиштето, социјалниот живот) можат да се обратат за помош кај наставниците. Советодавна работа со учениците кои манифестираат различни облици на неприлагодено однесување, организира и реализира педагогот според својата годишна програма. За постоењето и помошта од педагошката служба учениците се информираат уште во почетокот на учебната година од одделенскиот раководител на одделенскиот час, родителите на родителска средба и Советот на родители, како орган од претставници на родители на деца кои посетуваат настава во нашето училиште на нивниот состанок. За решавање на различни проблеми кај децата, педагоготот разговара и со родителите на децата кои покажуваат облици на наприлагодено однесување. Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и |

| | |
|---|---|
| **директор**<br>❖ **Разговор со ученици и наставници кои учествувале на трибини** | консумирање на наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето (училниците, канцеларијата, тоалетите, училишниот двор ) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Училиштето има договор за соработка со МВР, Подрачно одделение Крушево и Центарот за социјални грижи Крушево и во училиштето за учениците и родителите се организираат предавања од стручни лица за превенција од пушење, алкохол и дрога. Ваквите предавања се од голема корист за учениците и родителите за да ги согледаат последиците од пушењето, алкохолот и дрогата и да го насочат своето однесување кон негирање на ваквите пороци со цел избегнување на ризиците. Дополнителна едукација, за превенција од дрога и превенција на насилство, учениците добиваат по одделни предмети како и на трибини организирани од невладини организации. Преку зацртаните планови и програми на ЕКО одборот на училиштето (кое е вклучено во ЕКО програмата) е опфатена активноста за здрава исхрана, т.е. користење здрава и свежа храна. Храната што ја конзумираат учениците е во организација на родителите и приватните дистрибутери. Пристапот во централното училиште е приспособен на потребите на учениците со телесни пречки во развојот. Просторот во ходниците и во училниците на првиот спрат овозможува нивно движење. За потребите на учениците од социјално загрозените семејства училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со другите релевантни институции( Центарот за социјална работа, хуманитарни организации и деловната заедница). |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата;<br>✓ Училиштето има изработено Правилник за заштита и спасување од елементарни и други несреќи и Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;<br>✓ Педагогот организира и реализира советодавна работа со учениците кои манифестираат различни облици на неприлагодено однесување;<br>✓ Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци; |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Контрола на безбедноста од човечки фактор;<br>✓ Пристап на учениците со телесни пречки во развој во подрачните училишта; |

**Индикатор 4.2 Здравје**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Хигиена и заштита од болести**<br>✓ **Грижа за учениците со здравствени проблеми** |

| ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| ❖ **Годишна програма за работа на училиштето**<br>❖ **Закон за основно образование**<br>❖ **Потврда од ХЕСО за извршена ДДД**<br>❖ **Записници од надлежни органи за контрола на хигиената**<br>❖ **Правилник за работа на помошниот персонал**<br>❖ **Фактури за набавка на средства за хигиена и дезинфекција**<br>❖ **Увид во училишниот простор**<br>❖ **Статут на** | Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Училиштето располага со правилник за работа на помошниот персонал, по кој се постапува и дејствува во сферата на нивните задолженија и активности. Комплетно чистење на просториите, прозорците, завеси, мебел се прави два пати во годината, по еднаш во полугодие. Одржувањето на тоалетите, ученички и наставнички се врши редовно, а дезинфекција секогаш кога училиштето има набавено дезинфекциони средства. Дворот во училиштето е чист , тревните површини се одржуваат. Во дворот на училиштето, во секоја училница и ходниците има корпи за отпадоци, а наставниот кадар и учениците од ЕКО одборот се грижат за селектирање на отпадот. Училиштето во почетокот на учебната година реализира дезинфекција, дератизација и дезинсекција (ДДД) на сите простории во училиштето. По потреба, во случаи на епидемии од грип, истото може да се изврши и по повеќе од двапати. При појава на епидемија училиштето во согласност со правилата и насоките дадени од епидемиолошката служба, ги информираат за симптомите, преносливоста и превенцијата, учениците, родителите и наставниците за посебен режим на однесување, како во училиштето, така и надвор од училиштето, се со цел навреме откривање и побрзо санирање на болеста. Стручната служба-педагогот во ваков случај секој ден ја проверува состојбата на отсуства во училиштето, на ученици поради болест и врз основа на тоа се превземаат дополнителни дејства за реализирање на наставата. Училиштето издвојува парични средства за набавка на средства за чистење, дезинфекција и лична хигиена. Учениците од секоја втора учебна година одат на систематски и стоматолошки преглед, со кои се |

| | |
|---|---|
| **училиштето**<br>❖ **Извештај од системтски преглед**<br>❖ **Извештаи од стоматолошки преглед**<br>❖ **Евиденција од наставниците по предметот физичко и здравствено образование**<br>❖ **Белешки од одделенски раководители** | идентификуваат здравствените проблеми на учениците. Ако се забележат посериозни здравствени проблеми, учениците заедно со родителите се повикуваат во диспанзерот или им се советува да го посетат матичниот лекар. На учениците, кои во одреден период се спречени да ја следат редовната настава од здравствени проблеми, училиштето им овозможува полагање на одделенски испит на крајот на учебната година. Училиштето за учениците кај кои се идентификувани здравствени проблеми, добива сознанија од родителите на учениците, кои разговараат со одделенскиот раководител. Одделенскиот раководител за тоа ги информира предметните наставници, а посебно наставниците кои предаваат физичко и здравствено образование. За тие ученици се води посебна евиденција и се прават вежби соодветни за нивната здравствена состојба. Наставниците по физичко и здравствено образование во согласност со програмата и планот за работа вршат мерења на тежина, висина и држење на телото кај учениците. Тие резултати можат да бидат показател за одредени физички аномалии кај учениците. Со учениците кај кои се забележани физички проблеми се изведуваат специјални вежби или се праќаат за помош кај стручни лица. Во училиштето се организираат предавања од стручни лица за едукација и заштита на учениците од заразни болести. За тоа постои добра соработка со Здравствениот дом – Крушево. |

**<u>РЕЗУЛТАТИ</u>**

| | |
|---|---|
| **<u>ЈАКИ СТРАНИ</u>** | ✓ Едукација на учениците преку предавања од страна на стручни лица за превенција и ширење на заразни болести; |

| | |
|---|---|
| | ✓ Секојдневно следење на отсуствата поради болест |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Хигиената во дел од подрачните училишта не ги задоволува стандардите. |

**Индикатор 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Помош при избор на занимање / институција за понатамошно образование, доусовршување или вработување**<br>✓ **Грижа за учениците со емоционални потешкотии** |

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|
| ❖ **Годишна програма за работа на училиштето**<br>❖ **Програма за работа на стручната служба** | Училиштето ги подготвува учениците за понатамошното образование. Во деветто одделение, учениците имаат можност да присуствуваат на повеќе презентации од претставници од средни училишта, кои ќе им помогнат при изборот на своето понатамошно учење. При тоа полесно се запознаваат со условите за конкурирање, програмите и други важни информации. Училиштето делумно им помага на учениците при изборот на занимањето, професијата и институцијата за |

| | |
|---|---|
| ❖ **Извештаи од стручната служба**<br>❖ **Извештаи од педагог** | понатамошно образование, доусовршување преку осмислена програма за професионална ориентација која содржи повеќе активности. За таа цел користат и промотивни материјали како летоци, брошури, ЦД и сл. Исто така, учениците од деветто одделение редовно се гости и на Отворениот ден на гимназијата „Наум Наумоски – Борче“, кога истите се запознаваат со програмите за средно образование што ги нуди средното училиште. Информирани се за помошта што можат да ја добијат во училиштето. Со учениците се разговара за важноста на одлуката поврзана за изборот на училиштето. Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на изворот (на пр. семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството ...). Со нив разговара стручната служба во училиштето (педагог) која им помага преку советодавни и консултативни разговори или ги упатува до релевантни институции. Училиштето соработува со здравствени установи, Центар за социјални работи, и други организации и компетентни институции. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ Училиштето им нуди можност на учениците од деветто одделение да присуствуваат на повеќе презентации од претставници од средни училишта, кои ќе им помогнат при изборот на своето понатамошно учење;<br>✓ Училиштето соработува со Здравствениот дом, Центарот за социјални работи и други организации и институции; |

| | |
|---|---|
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Нема пропишана процедура на училиштето за откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми;<br>✓ Училиштето има неопходна потреба од дефектолог , а по можност и психолог |

**Индикатор 4.4 Следење на напредокот**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br>✓ **Анализа на напредокот на учениците по паралелки** |

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **❖ Годишна програма за работа на училиштето**<br>**❖ Правилник на однесување**<br>**❖ Програма за работа на стручната служба**<br>**❖ Дневници на паралелки**<br>**❖ Записници од родителски средби**<br>**❖ Педагошка евиденција**<br>**❖ Извештаи за успехот по паралелки**<br>**❖ Извештаи од работата на стручните активи**<br>**❖ Евидентни листови за успехот на учениците**<br>**❖ Свидетелства**<br>**❖ Записници од состаноци на Одделенски совет**<br>**❖ Записници од состаноци на Наставнички совет**<br>**❖ Записници од состаноци** | За секое одделение се води дневник на паралелка во кој се наведени учениците со име и презиме, постигнувањата т.е оценките по одделните наставни предмети, поведението, отсуствата (доколку ги има). Во дневникот на паралелката се евидентираат и учениците кои учествувале на натпревари, освоените награди и признанија (евиденција за овие ученици се води и кај стручната служба – педагогот во училиштето). Отсутноста на учениците од настава се следи, исто така, секојдневно и отсутниот ученик се евидентира во рубриката за отсутни ученици, а бројот на изостаноци се евидентира во рубриката за изостаноци. Според бројот на изостаноци направени во текот на учебната година, се одредува поведението на учениците како: примерно, добро и незадоволително. Доколку ученикот покаже поголеми слабости во учењето или рефлектира недолично однесување се упатува на разговор со училишниот педагог. Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка, но не и за неговиот/нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата не се посебно акцентирани добрите страни на ученикот / ученичката и неговите / нејзините развојни потенцијали. Во евиденцијата не се внесени и податоци за напредокот на ученикот / ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба-педагогот и родителите на ученикот/ученичката. Постои соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба-педагогот, одделенските наставници и родителите за постигањата на учениците. Евиденцијата за постигнувањата на учениците им е достапна на сите наставници, на учениците и на нивните родители. Со тие податоци учениците |

| | |
|---|---|
| **на Совет на родители**<br>❖ **Извештаи за успех по поделни предмети** | редовно се запознаваат на одделенскиот час, родителите за постигнувањата на нивните деца се информираат усно – на индивидуални средби со одделенскиот раководител и предметните наставници, а писмено преку евидентните листови што им се даваат на учениците по секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година. Стручната служба-педагогот редовно изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за напредокот на учениците по паралелки и на ниво на одделение, според податоците добиени од одделенските раководители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно - образовниот процес. Евиденцијата што се води за напредокот и постигнувањата на учениците, нивната присутност и поведение, се разгледува на Одделенските совети, на Наставничките совети и со родителите на родителските средби и индивидуални средби, како и на состаноци на Советот на родители. За подобрување на резултатите на учениците и наставата, функционираат активите по сродните предмети кои соработуваат, за решавање на одредени проблеми или надминување на слабостите по соодветните предмети. Училиштето во почетокот на секоја година си одредува приоритети, кои ги евидентира во Годишната програма на училиштето (развивање воспитна компонента на образовниот процес, градење партнерство и соработка со родителите на учениците, намалување на бројот на изостаноци на ниво на училиште, поголема соработка на релацијата наставник – ученик – родител). Овие активности се координирани од Директорот на училиштето и педагогот во училиштето, се со цел постигнување на подобри индивидуални ученички резултати како и за подобрување на резултатите на ниво на училиште. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ Евиденцијата за постигнувањата на учениците им е достапна на сите , на учениците и на нивните родители;<br>Соработката меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските наставници и родителите за постигањата на учениците.<br>✓<br>✓ За подобрување на резултатите на учениците и наставата, функционираат активите по сродните предмети кои соработуваат, за решавање на одредени проблеми или надминување на слабостите по соодветните предмети; |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | Резултатите од изготвените извештаи не подлежат на комплетна анализа.<br>✓ |

## ПОДРАЧЈЕ 5: Училишна клима и односи во училиштето

| бр. | Индикатор за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| 5.1 | Училишна клима и односи во училиштето | ➢ Углед / имиџ на училиштето<br>➢ Кодекс на однесување<br>➢ Училишна клима<br>➢ Поведение и дисциплина во училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | | ➢ Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| **5.2** | **Промовирање на постигањата** | ➢ Промовирање на личните постигања на учениците<br>➢ Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| **5.3** | **Еднаквост и правичност** | ➢ Познавање на правата на децата<br>➢ Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>➢ Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| **5.4** | **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | ➢ Соработка на училиштето со родителите<br>➢ Соработка со локалната заедница<br>➢ Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

**Индикатор 5.1 Училишна клима и односи во училиштето**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ Углед / имиџ на училиштето<br>✓ Кодекс на однесување<br>✓ Училишна клима<br>✓ Поведение и дисциплина во училиштето<br>✓ Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|

| | |
|---|---|
| ❖ **Статут на училиште**<br>❖ **Годишна програма на училиштето**<br>❖ **Педагошка евиденција на изречените мерки**<br>❖ **Прашалници / интервјуа со директор, наставници, ученици и родители**<br>❖ **Кодекс на однесување**<br>❖ **Куќен ред на училиштето**<br>❖ **Правилник за прогласување на ученик на генерација** | Стручната служба-педагогот на училиштето согласно ЗОО на почетокот на месец мај врши упис на првачиња во централното и подрачните училишта.<br>Училиштето редовно изготвува четиригодишен План и програма за работа и истиот се работи согласно Визијата и Мисијата на училиштето, како и постоечките услови за работа. Училиштето исто така изготвува Годишна програма за работа која на почетокот на секоја година преку Советот на родители се дели на родителите со цел да истите бидат запознати со работата на училиштето со што се зголемува угледот на училиштето.<br>На крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година се пофалуваат учениците за постигнатиот одличен успех, примерно поведение и коректен однос спрема соучениците, наставниците и другите вработени во училиштето.<br>Училиштето располага со Кодекс на однесување за ученици и вработени. Според спроведената анкета со наставниците се констатира следново: 59% од испитаниците целосно се согласуват дека се почитуваат Кодексите на однесување, 36% делумно се согласуваат, а само 5% не се согласуват. Според истата анкета најголемиот број испитаници сметаат дека постои меѓусебна соработка и почит помеѓу учениците. За учениците кои некоректно се однесуваат по било која основа, или кои не го почитуваат куќниот ред во училиштето, одделенскиот раководител, како и Наставничкиот совет изрекуваат соодветни педагошки мерки, според Правилникот за педагошки мерки и според Законот за основно образование. Според новите прописи, Одделенскиот раководител е должен за педагошките мерки да изготви решенија.<br>Училиштето располага со Правилник за избор на најдобар ученик - првенец на |

генерација, изготвен од страна на училишна комисија. Според овој Правилник првенец се избира од учениците од четврто до деветто одделение. Правилникот ги содржи критериумите кои треба да ги исполнува секој предложен ученик, соодветно бодирање за истите и според тоа секој класен раководител, како и Стручните активи можат да предложат ученици за првенци на секоја генерација. Според бодовната табела, се избираат најдобрите ученици од секоја генерација и истите предлози се разгледуваат на Наставнички совет кој ја носи конечната одлука. Потоа, предлозите се испраќаат до Локалната заедница на Општина Крушево која ги разгледува на ниво на Општина сите предлози од двете основни училишта во општината (ООУ „Никола Карев“ и ООУ „Кирил и Методиј“) и се избираат првенци на генерација на ниво на општина.

Во поглед на климата за работа меѓу вработените во училиштето мислењето на анкетираните наставници е поделено, односно 58% целосно се согласуваат, 39% делумно се согласуваат, а 3% не се согласуват.

Во текот на престојот во училиштето учениците имаат можност да партиципираат во решавање на некои проблеми и донесување одлуки. Оваа активност учениците ја реализираат преку нередовни состаноци на Ученичката заедница составена од претседателите на сите одделенија, на одделенските часови преку изучување на наставните содржини од животни вештини.

**<u>РЕЗУЛТАТИ</u>**

- ✓ Професионално изведување на наставата во училиштето, согласно визијата и

| **ЈАКИ СТРАНИ** | мисијата на истото;<br>✓ Почитување на Кодексот на однесување од страна на поголем дел од наставниците и вработените во училиштето; |
|---|---|
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Недоволна активност на Ученичката заедница;<br>✓ Непочитување на кодексот за однесување од страна на некои ученици;<br>✓ Незадоволителна клима за работа меѓу вработените во училиштето; |

**Индикатор 5.2 Промовирање на постигањата**

| **ТЕМИ:** | ✓ **Промовирање на личните постигања на учениците**<br>✓ **Промовирање на постигањата во име на училиштето** |
|---|---|

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|
| ❖ **Правилник за оценување, напредување, полагање испити, видовите пофалби, награди и педагошки** | Училиштето става акцент врз постигањата на учениците преку промовирање на личните постигања на учениците. Средината за учење е успешно организирана, благодарение на големите залагања на наставницте, а воедно се поставуваат јасни и високи очекувања во однос на образовните постигања.<br>Сите трудови на учениците за нивните постигања во однос на наставата се наоѓаат кај наставниците, односно во ученичките портфолија особено кај учениците од прво до петто одделение. Трудовите се изложени во кабинетите, во училишните ходници и |

| | |
|---|---|
| **мерки во основните училишта**<br>❖ **Пофалби, награди, признанија и др.**<br>❖ **Правилник за утврдување на ученик – првенец на генерација (одделенска и предметна настава)**<br>❖ **Куќен ред на училиштето**<br>❖ **Веб портал regioni.mk**<br>❖ **Изложбени паноа**<br>❖ **Фотографии**<br>❖ **Педагошка евиденција и документација за општествено корисната работа** | паноа предвидени за оваа намена. На тој начин се постигнува поголема мотивација кај учениците за натамошно надоградување, како и за учество на натпревари по сите наставни предмети. Учениците своите трудови ги изложуваат и на организираните продажни изложби, продажни изложби од хуманитарен карактер и активности кои се спроведуваат по повод патрониот празник на училиштето.<br>Промовирањето на постигнувањата на учениците се врши на профилот на фејсбук на училиштето и на општината и тоа редовно и навремено. Истото го работат двајца одговорни наставници. Ваквата активност придонесува да се запознава и пошироката јавност за успесите и активностите на нашите ученици. Исто така, промоција на активностите на учениците се врши и на локалните ТВ станици во Прилеп и Битола.<br>Училиштето има востановено практика за доделување на дипломи за освоено прво, второ и трето место, како и пофалници за успешно учество на училишните натпревари.<br>Секоја година на денот на ослободувањето на Крушево 8ми Септември се врши јавно промовирање на најдобар ученик – првенец на генерација. Директорот на ООУ „Никола Карев“ врши пофалување на наставниците и вработените кои покажале особени достигнувања во различни области во текот на годината. Пофалените наставници добиваат пофалници јавно на секој последен Наставнички совет, пред завршување на тековната учебна година. Но од анкетираните наставници, 42% сметаат дека е правилно вреднувана нивната работа, 44% сметаат дека делумно е вреднувана и 14% сметаат дека нивната работа не е правилно вреднувана. |

| | |
|---|---|
| **за јавно културната дејност**<br>❖ **Изложени трудови на ученици**<br>❖ **Медиумско промовирање на постигањата на учениците** | |
| | |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ Се промовираат постигањата на учениците, во согласност со можностите на училиштето, а притоа се зголемува мотивацијата кај учениците за понатамошна работа и постигнување на поголеми успеси;<br>✓ Училиштето има усвоено Правилник со критериуми за избор на првенец на генерација; |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Не се вреднува доволно работата на дел од наставниците.<br>✓ Недостаток на мотивација за работа и унапредување кај наставниците;<br>✓ Училиштето нема веб сајт на која најдобро ќе се промовира работата на |

| | |
|---|---|
| | училиштето и постигнатите резултати на учениците; |

**Индикатор 5.3 Еднаквост и правичност**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Познавање на правата на децата**<br>✓ **Еднаков и правичен третман на сите ученици**<br>✓ **Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот** |

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|
| ❖ **Годишна програма за работа на училиштето**<br>❖ **Кодекс на однесување**<br>❖ **Записници од работата на Советот на родители**<br>❖ **Записници од работата на** | Стручната служба-педагогот, наставниците и сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. На одделенските часови и преку разни трибини и состаноци на Училишната заедница, учениците се информирани за своите права и обврски, а пак на родителските средби за правата и обврските на децата се информираат родителите на кои воедно им се укажува дека дел од учениците не ги извршуваат во целост своите обврски.<br>Сите ученици, без оглед на својата национална припадност, подеднакво учествуваат во наставата и во воннаставните активности во зависност од своите интереси. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат спрема сите |

| | |
|---|---|
| **Наставничкиот совет**<br>❖ **Записник од стручните активи**<br>❖ **Извештаи од работата на училиштето**<br>❖ **Извештај за работата на училиштето (полугодишен и годишен)**<br>❖ **Записници од Совет на родители и родителски средби**<br>❖ **Интервју со наставници, стручни соработници, ученици и родители** | ученици, независно од полот, етничка припадност, вера, социјално потекло и еднаквост спрема децата со посебни потреби кои активно се вклучени во наставата. Еднакво однесување постои и во работата со компјутери и во вонаставните активности. Наставниците стручно се усовршуваат за работа со деца со посебни потреби (инклузија – наставници и стручна служба).<br>Учениците се запознаваат со разни култури преку организирани трибини од страна на стручни лица. Мултикултурно се едуцираат учениците со спроведување на интегрирани часови по одредени наставни предмети како и преку содржините што се изучуваат од изборните предмети, учениците се запознават со разните култури кај нас. Востановена е практика за патрониот празник на училиштето да има учество на ученици од различни националности со свои точки. Во нашето училиште успешно се спроведуваат мултикултурни активности од проектите на Нансен моделот за интегрирано образование (Македонци, Власи, Албанци) и ПМИО (Македонци и Албанци). Треба да се истакне дека во реализацијата на овие мултикултурни активности на училиштето активно учество има Советот на родители и голем број родители. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ Еднаков и правичен третман на сите ученици од страна на наставниците;<br>✓ Учество на проекти од мултикултурен карактер;<br>✓ Активно учество на Советот на родители и родителите во реализирањето на активностите од мултикултурен карактер; |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Недостиг на финансиски средства во училиштето за спроведување на сите планирани мултикултирни активности; |

**Индикатор 5.4 Партнерски односи со родителите и со локалната и деловната заедница**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Соработка на училиштето со родителите**<br>✓ **Соработка со локалната заедница**<br>✓ **Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор** |

| | |
|---|---|
| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |

| | |
|---|---|
| ❖ **Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен)**<br>❖ **Записници од Совет на родители и родителски средби**<br>❖ **Анкети и интервјуа со директорот, стручната служба, наставниците и родителите**<br>❖ **Педагошка евиденција и документација за општествено корисната работа, за културната дејност**<br>❖ **Договор со деловната заедница**<br>❖ **Проекти на** | Во нашето училиште постојано се организираат индивидуални и групни родителски средби кои се одржуваат на секое тримесечје, полугодие и на крајот од учебната година, како и вонредни родителски средби по потреба. Се спроведуваат постојани средби и разговори со родителите за секој проблем во текот на учебната година. Се реализираат и неформални средби со родителите на приемните денови на предметните наставници.<br>Училиштето соработува со родителите преку Совет на родители составен од делегирани родители од секоја паралелка. Претседателот на Советот на родители, редовно свикува и одржува состаноци на барање на родителите и училиштето. Раководството на Совет на родители има изготвена програма за работа која е доставена до училиштето.<br>Родителите за постигнатиот успех на учениците се информираат и преку е-дневник. За тековните информации, родителите добиваат писмени известувања и тоа за: полуматура, изборни предмети, екскурзии, исхрана, списанија и др. Родителите се вклучени во повеќе важни одлуки кога тоа се однесува на интересот на учениците. Имено, родителите одлучуваат за наставните екскурзии, одбираат на кој начин таа ќе се реализира во однос на превоз и сместување. Родителите одлучуваат за изборот и видот на ученичкиот алманах кој се изработува на крајот од деветто одделение. Родителите исто така се вклучуваат во подготовките на училишните претстави со свои идеи. Родителите (лекари, пожарникари, сообраќајци, земјоделци,) се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку презентирање на конкретна тема или преку посети на нивните работни места. Учениците согласно наставните програми вршат посета на различни институции и фирми од нашата |

| | |
|---|---|
| **училиштето во функција на развивање на практичните вештини кај учениците**<br>❖ **Записници и одлуки од состаноци на Училишниот одбор**<br>❖ **Организирани трибини, дебати, предавања со родителите и претставниците на деловната заедница**<br>❖ **Документација за добиени спонзорства и донации** | општина. Училиштето зема учество во организирани активности во локалната средина и во други образовни институции со што го гради својот имиџ. Училиштето постојано соработува со локалната заедница. Се одржуваат и разни други манифестации: Еко – проект, хуманитарни акции продажна изложба од хуманитарен карактер, предавања од областа на здравството и организирани манифестации од општината во кои земаат учество наши ученици.<br>Посебно треба да се истакне соработката со Црвениот крст и Младинската организација на Црвен крст - Крушево и тоа преку реализирање на хуманитарни акции, реализирање на продажни штандови и одржување на предавања од нивна страна на нашите ученици.<br>Систематските прегледи, стоматолошки прегледи и имунизацијата на учениците се одвива во соработка со Здравствениот дом - Крушево.<br>Кон крајот на учебната година се реализираат посети од средните училишта за нивна промоција пред претстојните уписи. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ Соработка со бизнис и невладиниот сектор;<br>✓ Добра соработка со Локалната самоуправа;<br>✓ Активно учество на родителите во воспитно-образовниот процес; |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Не се забележани слаби страни; |

**ПОДРАЧЈЕ 6: Ресурси**

| бр. | Индикатор за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| 6.1 | Сместување и просторни капацитети | ➢ Просторни услови<br>➢ Искористеност на просторните капацитети |
| 6.2 | Наставни средства и материјали | ➢ Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>➢ Училишна библиотека<br>➢ Потрошен материјал |
| 6.3 | Обезбедување на потребниот наставен кадар | ➢ Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>➢ Ефективност и распоредување на кадарот<br>➢ Стручната служба како поддршка на наставниот кадар |
| 6.4 | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | ➢ Професионален развој на наставниците |

| | | |
|---|---|---|
| **6.5** | **Финансиско работење во училиштето** | ➢ **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење**<br>➢ **Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет** |

**Индикатор 6.1 Сместување и просторни капацитети**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Просторни услови, хигиена и одржување**<br>✓ **Искористеност на просторните капацитети** |

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|
| ❖ **Годишна програма за работа**<br>❖ **Непосреден увид**<br>❖ **Распоред на часови**<br>❖ **Интервјуа со наставниците и директорот**<br>❖ **Записници од просветна и санитарна** | Од Годишната програма на училиштето добиваме информации за изведување на наставата во соодветни услови за работа. Многу од просторните капацитети се користат заеднички. Исклучок од тоа се прави кај наставата од прво до петто одд. и на часовите по информатика, техничко образование и музичко образование каде се користат посебни училници. Училиштето има адекватни училиници, заеднички простории и санитарни простории коишто овозможуваат услови за одвивање на наставата. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот. Во внатрешниот простор од 2231 м2 или 3.5 м2 во просек по ученик, постојат: 5 училници за одделенска настава, 8 училници за предметна настава, 1 работилница за ТО, 1 библиотека - медиотека, 1 кабинет за музичко образование, 1 кабинет за природни науки, 1 спортска сала со 2 соблекувални (1 |

| | |
|---|---|
| **инспекција** | машка и 1 женска) со санитарни јазли, 1 наставничка канцеларија, 1 канцеларија за директор, 1 канцеларија за секретар, 1 канцеларија за педагог, 1 просторија за помошен персонал, 1 просторија котлара, 1 просторија за хаус мајстор, 1 пријавница, 1 остава за стари учебници, 1 санитарна просторија за наставниците, 5 санитарни простории за учениците (на приземје, први кат, втор кат, трет кат). Во склоп на централното училиште се наоѓаат 6 подрачни училишта: с. Врбоец (45,24 м2), с. Алданци (84,65 м2), с. Норово (86 м2), с. Саждево (148 м2), с. Борино(86 м2), с. Белушино(58 м2). Просторните капацитети во подрачните училишта делумно ги задоволуваат стандардите кои се наведени во нормативот за простор, опрема и наставни средства. Потребно е да се извршат одредени поправки и реконструкции за надминување на таа состојба. Исто така, хигиената во централното и дел од подрачните училишта не е на високо ниво. Санитарните простории се на задоволувачко ниво бидејќи се реновирани пред релативно краток период, но се јавува проблем околу нивното одржување. Овој проблем го констатирала и санитарната инспекција и Државниот просветен инспекторат. Предметната наставата се изведува во една смена, а одделенската настава во две смени. За изведување на наставата по спорт и спортски активности училиштето располага со фискултурна сала, а има недостаток од отворен спортски терен. Во врска со изведувањето на наставата по ФЗО во одделенска настава се јавува недостаток т.е. фискултурната сала не може да се користи во прва смена, бидејќи е максимално зафатена од изведување на наставата по ФЗО од предметна настава. Така учениците од одделенска настава ја користат фискултурната сала само за време на изведување на наставата во втора смена. Постои проблем во реализацијата на часовите по ФЗО во подрачните |

| | |
|---|---|
| | училишта затоа што во ниту едно подрачно училиште не постои обележан отворен спортски терен, а нема ниту фискултурна сала. Училиштето за овој проблем ја има информирано Локалната самоуправа на општина Крушево и МОН и постојано бара финансиски средства за решавање на овој проблем и обезбедување услови за непречено одвивање на наставата во подрачните училишта. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ Наставниците максимално ги користат просторните капацитети кои им се на располагање;<br>✓ |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Просторните услови во подрачните училишта;<br>✓ Немање можност за користење на спортската сала од учениците од одделенска настава при изведувањето на наставата по ФЗО и минимални услови за реализацијата на наставата по ФЗО во подрачните училишта;<br>✓<br>✓ Хигиената во централното училиште и подрачните училишта е на ниско ниво; |

**Индикатор 6.2 Наставни средства и материјали**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>✓ **Училишна библиотека** |

| | |
|---|---|
| | ✓ **Потрошен материјал** |

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|
| ❖ **Увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала**<br>❖ **Пописна листа**<br>❖ **Увид во библиотечната евиденција и разговор со одговорното лице**<br>❖ **Разговор со учениците и** | Училишната библиотека се наоѓа во основното училиште. Просторијата наменета за библиотека е реновирана, освежена и прилагодена за потребите на читателите,со компјутер и пристап до интернет. Во училишната библиотека има електронската табла која се користи за потребите на наставата. Во библиотеката има и литература на англиски јазик, која во изминатите учебни години е збогатена со нови наслови. Работата на библиотеката се изведува според изготвена Програма за работа во која се планирани задачите и активностите со кои ќе се реализираат истите. Библиотечната евиденција се води рачно и електронски. Во училишната библиотека работат 4 наставници. Библиотеката работи според изготвен распоред на работно време кој е истакнат на соодветно место во училиштето, а е така прилагоден да одговара на потребите на учениците во текот на целиот училиштен ден. Книжниот фонд опфаќа лектирни изданија, белетристика, сликовници, лексикони, енциклопедии, речници, стручна литература, прирачници и др. Фондот на книгите постојано се дополнува согласно можностите на училиштето, преку МОН, донации на ученици, родители, организаци и сл. Сите овие потенцијални можности се ставаат во функција на потребите и интересите на учениците и наставниците. Подрачните училишта не се снабдени со потребниот број на лектирни и друг вид наслови на јазикот на кој се изведува наставата, а се планира санирање на ситуацијата. Учлниците се опремени со компјутери , но поради нивната |

| | |
|---|---|
| **анкетен лист**<br>❖ **Разговор со наставниците и техничкиот персонал**<br>❖ **Анкетен лист за наставници**<br>❖ **Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали**<br>❖ **Разговор со директор и анкетен лист** | дотраеност многу често не се во функција, а истото се случува и со интернет мрежата. Подрачните училишта се во фаза на компјутеризација и Интернет вмрежување. Училиштето располага и со современи технички средства, како принтери, скенери, LCD проектори и сл., кои доволно не ги задоволуваат потребите на наставниците. Наставните средства и помагала делумно ги задоволуваат потребите по пооделни наставни предмети. |

**РЕЗУЛТАТИ**

- ✓ Училиштето располага со литература на македонски и англиски јазик;
- ✓ Електронската табла(SMART-табла);

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ Во училиштето уредно се води библиотечна евиденција; |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ **Подрачни училишта:**<br><br>✓ недоволен број на лектирни изданија;<br>✓ компјутеризација и Интернет мрежа;<br>✓ наставни средства и помагала;<br><br>✓ **Централното училиште**:<br>✓ недостаток од наставни средства и помагала;<br>✓ не се обезбедува потрошен материјал во потребни количини; |

**Индикатор 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br>✓ **Ефективност и распоредување на кадарот**<br>✓ **Стручната служба како поддршка на наставниот кадар** |

| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |
|---|---|
| ❖ **Увид во досиејата на вработените**<br>❖ **Разговор со наставниците**<br>❖ **Разговор со директорот и анкетен лист**<br>❖ **Годишна програма за работа на училиштето**<br>❖ **Податоци од ЕМИС и ХРМ системите** | Училиштето располага со следните вработени:<br>-Директор<br>-Помошник директор<br>-Стручна служба-педагог<br>-Наставен кадар<br>-Секретар<br>-Книговодител<br>-Помошно-технички персонал<br>Училиштето располага со наставен кадар на неопределено работно време соодветен според Нормативот за наставен кадар и наставен кадар на определено работно време којшто е делумно соодветен според Нормативот за наставен кадар. Во училиштето нема вработено наставен кадар за работа со деца со посебни потреби, а Стручна служба е некомплетна. Во училиштето се вработени вкупно 96 лица од кои 78 лица се наставници, а 17 лица се административно - технички персонал. 74 наставници се со високо образование, а 4 се со више образование. Наставниците придонесуваат за работата на училиштето и работат како тим во рамките на стручните активи. |

| | |
|---|---|
| | Вработените го почитуваат куќниот ред на училиштето.Сите отсуства од работа навремено се пријавуваат кај работоводниот орган. Отсуствата од работа се во согласност со Законот за работни односи и се евидентираат кај надлежната служба. Задолжителното присуство на наставничките и одделенските совети се евидентира на посебен список. Со цел да има непречено одвивање на воспитно - образовниот процес кога има отсутни наставници, навремено се прави нов распоред или ако се работи за подолго отсуство, училиштето реагира со соодветна замена. При пократко отсуство на некој наставник се прават внатрешни замени со цел да се избегне поголема загуба во наставата. Поради недостаток на соодветна стручна служба, наставниците не ја добиваат соодветната помош во организацијата на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво или во давањето советодавна помош на учениците без посебна програма за работа.. Стручните активи се делумно активни и нивната работа се сведува на формалност, а не на конструктивност во работата на наставниот процес. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ Наставниците придонесуваат за работата на училиштето и работат како тим во рамките на стручните активи;<br>✓ Стручната служба- педагогот има квалитетна соработка со наставниот кадар. |

| | |
|---|---|
| | ✓ |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Некомплетна стручната служба (дефектолог, психолог);<br>✓ Дел од наставниот кадар е несоодветен. |

**Индикатор 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Професионален развој на наставниците** |

| ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| ❖ **Разговор со стручната служба, наставниците и директорот**<br>❖ **Анкетен лист за директор**<br>❖ **Анкетен лист за наставник**<br>❖ **Програма за професионален развој на наставниот кадар**<br>❖ **Покани за семинари**<br>❖ **Листа од спроведени интерни обуки**<br>❖ **Увид во портфолијата на наставниците** | Директорот, стручната служба-педагогот и стручните активи даваат поддршка за професионален развој на наставниците со учество на семинари, работилници, предавања и нивна дисеминација во училиштето. Наставниците учествуваат најчесто на семинари организирани од БРО, но за жал во последно време таквите обуки и семинари се поретко се организираат. Со наставниците се одржуваат повремени обуки кои не се организирани од БРО. Исто така, беше реализирана и обуката во одделенска настава, по предметот мајчин јазик (македонски и албански јазик) во рамките на проектот„Со читање до лидерство“ од страна на Фондацијата „Чекор по чекор“, обука по мајчин јазик и математика за наставниците кои предаваат во почетните одделенија, како и обуки по предметите математика и природни науки по програмата Кембриџ. Исто така, извршена е обука на наставници од одделенска и предметна настава во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Во текот на учебната година, се праќаат наставници на обуки организирани од БРО и други институции и организации во интерес на подобрување и унапредување на наставниот процес. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ Училиштето ги идентификува потребите за професионален развој на наставниците и соодветно одговара на истите; |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Селекцијата на наставниците кои ќе посетуваат одредени обуки; |

**Индикатор 6.5 Финансиско работење во училиштето**

| ТЕМИ: | ✓ **Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет**<br>✓ **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење** |
|---|---|

| ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| ❖ **Годишна програма за работа**<br>❖ **Административна служба**<br>❖ **Разговор со директор, наставници, УО; Записници и одлуки на УО**<br>❖ **Разговор со Советот на родители**<br>❖ **Реализација на јавни набавки** | За финансиското работење во училиштето задолжени се раководниот орган и органот на управување. Директорот донесува финансиски план, а УО го усвојува. Истиот се доставува до Советот на општина Крушево кој го разгледува и усвојува. Распределбата на добиените финансиски средства се врши по потреба, со одобрение на директорот. Училишниот одбор е запознат со финансиските активности на училиштето. Во училиштето постои Комисија за јавни набавки која работи според сите правила и прописи поврзани со реализацијата на јавните набавки. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица дискутираат за информации поврзани со ресурсите. Буџетот се користи наменски. Буџетските приоритети ги отсликуваат образовните цели на училиштето. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ Буџетските приоритети ги отсликуваат образовните цели на училиштето. |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Недоволна транспаретност во информирањето за финансиското работење. |

**ПОДРАЧЈЕ 7: Управување, раководење и креирање политика**

| бр. | Индикатор за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| 7.1 | Управување и раководење со училиштето | ➢ Управување со училиштето<br>➢ Раководење со училиштето |
| 7.2 | Цели и креирање на училишната политика | ➢ Јасност и соодветност на целите<br>➢ Процедури за креирање училишна политика |
| 7.3 | | ➢ Цели на развојното планирање |

| | Развојно планирање | ➢ Професионален развој / стручно усовршување на кадарот<br>➢ Материјално – технички средства<br>➢ Инфраструктура |
|---|---|---|

**Индикатор 7.1 Управување и раководење со училиштето**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Управување со училиштето**<br>✓ **Раководење со училиштето** |

| ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| ❖ **Деловник за работа на Училишниот одбор**<br>❖ **Статут на училиштето**<br>❖ **Записници, одлуки и извештаи од работата на** | Највисок орган на управување на училиштето е Училишниот одбор. УО е конституиран во согласност со законот за ОО и Статутот на училиштето. УО е составен од 9 члена од кои три се од редовите на училиштето, три од редовите на родителите, еден претставник од МОН, а додека еден претставник од Локалната самоуправа. Половата структура е четири жени и пет мажи, а по етничка структура се двајца Албанци, двајца Власи, а останатаите се Македонци. Со седниците раководи претседателот на УО. Работењето на УО е регулирано со Деловникот за работа. Според Деловникот за работа УО работи со присуство на повеќе од половината членови, а одлуките ги носи со мнозинство гласови од вкупниот број |

| | |
|---|---|
| **училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); План за развој на училиштето; Програма за работа на директорот; Програма за професионален развој на директорот;**<br>❖ **Интервјуа со наставниците, родителите и учениците**<br>❖ **Интервју со Училишен одбор** | членови што во изминатиот период се почитува. Управниот одбор има програма за работа и во периодот од 29.11.2017 година до 8.10.2019 година се одржани 14 состаноци, од кои 6 во учебната 2017/2018 година, а останатите 8 се одржани во учебната 2018/2019година. Одлуките се донесени согласно Деловникот за работа. Сите седници се одржани со мнозинство присутни членови. За состаноците се водат записници. Сите донесени одлуки се во рамките на неговите ингеренции. Работата на УО не е транспарентна. Во изминатиот период не се практикува информирање на вработените за неговата работа преку огласна табла. На состаноците од Наставничките совети не е дадена информација или извештај за работата. Во изминатиот период не е обезбедена обука на членовите на истиот заради усовршување со процесот на управување. Со училиштето раководи директор – одделенски наставник. Неговиот избор е во согласност со законската регулатива. Раководниот орган на училиштето ја следи организацијата и реализацијата на воспитно - образовната и другата стручно -педагошка работа во училиштето. Работата и работните задачи се внесени во програмата за работа на Директорот. Соработува со сите субјекти во училиштето при носење на одлуки за наставата и наставниот процес. Носењето на сериозни одлуки е согласно законските процеси. Формира тимови и групи при организирање и реализирање на одредени работни задачи. Ги следи упатствата и известувањата на МОН и БРО и редовно испраќа наставници на стручно доусовршување. Има воспоставено партнерски односи со ЛС и сите институции во општината. Директорот исто така врши аналитичко - студиска работа, презема мерки за подобрување на условите за работа во училиштето, донесува одлуки кои паѓаат во неговата надлежност, врши распределба на |

| | |
|---|---|
| | наставните предмети и постојано ја поттикнува, развива и следи тимската работа во училиштето. Покрај органот на управување и раководниот орган, во училиштето работат и стручните органи како Наставнички совет на училиштето, Совет на предметните наставници, Совет на одделенските наставници, Стручните активи и раководителите на паралелките и одделенските раководители. Наставнички совет одлучува по прашања од интерес на учениците и родителите и разгледува проблематика во рамките на неговите ингеренции. Покрај правилниците донесени од МОН, БРО, ДПИ училиштето донесува и интерни правилници. Стручната служба –педагогот работи според своја програма и води дневник за реализацијата на своите активности. Остварува соработка со наставниците, учениците и родителите , организира работилници на теми кои се од значење за работата и животот во и надвор од училиштето, организира обуки за наставниците и родителите. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ **Добра комуникација раководен тим- УО ;**<br>✓ **Добри односи раководен орган- локална заедница;** |
| | ✓ **Записниците од УО не се транспарентни во однос на истакнување на огласна табла во училиштето;** |

| СЛАБИ СТРАНИ | ✓ Потреба од обука на членовите на УО заради усовршување со процесот на управување; |
|---|---|

**Индикатор 7.2 Цели и креирање на училишната политика**

| ТЕМИ: | ✓ Јасност и соодветност на целите<br>✓ Процедури за креирање училишна политика |
|---|---|

| ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ | |
|---|---|

| | |
|---|---|
| ❖ **Развоен план на училиштето**<br>❖ **Акциони планови**<br>❖ **Анкети / интервјуа со директор, стручна служба, наставници, родители, ученици**<br>❖ **Записници од УО, Совет на родители, Наставнички совет** | Од Законот за основно образование и Годишната програма на училиштето се гледа дека училишната политика се движи во правец на движењето на целите на државата. Во училиштето целите се прецизни, јасни и се фокусираат на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Училиштето има правилници во врска со дисциплината, предвидени дисциплински мерки, оценување на поведението и насилничкото однесување. Педагогот редовно и во согласност со законот работи на решавање на проблемите и дисциплината. Исто така училиштето има Куќен ред кој се почитува. За реализација на училишната политика постои комуникација помеѓу раководниот тим, наставниците, родителите и учениците. За сите планови и планирани активности се информираат:<br>– учениците преку редовниот одделенски час;<br>– родителите преку редовните, вонредните и индивидуалните средби, а и преку Советот на родители;<br>– наставниците преку редовните Наставнички и Одделенски совети и работата на Стручните активи;<br>Во реализацијата на училишната политика вклучена е и локалната заедница и тоа :<br>– Здравствениот дом со редовни систематски прегледи, вакцинации и предавања за учениците од различни области и теми;<br>– Црвениот крст на РМ преку Црвениот крст на Крушево организира собирни акции и разни предавања од областа на хуманоста и солидарноста;<br>– МВР организира предавања во врска со насилството и малолетничката деликвенција;<br>– Центарот за социјални грижи соработува со стручните служби во врска со |

| | |
|---|---|
| | адаптацијата и нормалното живеење на учениците сместени во дом -семејства; Една од целите на училиштето е проширување и збогатување на знаењата на наставниците и учениците преку соработка и збратимување со други училишта и тоа успешно се реализира. Сите релевантни субјекти соработуват и поставените цели во голема мера се реализираат. Ова позитивно влијае врз работењето на училиштето. |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | **Дефинирани цели насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците.** |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | Недоволна вклученост на родителите и учениците во реализација на целите. |

**Индикатор 7.3 Развојно планирање**

| | |
|---|---|
| **ТЕМИ:** | ✓ **Цели на развојното планирање**<br>✓ **Професионален развој / стручно усовршување на кадарот**<br>✓ **Материјално – технички средства**<br>✓ **Инфраструктура** |

| | |
|---|---|
| **ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ** | |

| | |
|---|---|
| **❖ Интервјуа со директорот, наставниците, родителите и учениците**<br>**❖ Годишна програма за работа; План за професионален развој; Извештаи од интерната евалуација**<br>**❖ Пописни листи**<br>**❖ Финансиски план на училиштето; Увид во опремата**<br>**❖ Увид во инфраструктурата; Апликации** | Во училиштето постои изготвен четиригодишен развоен план согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето, со прецизни и јасни цели преку кои се отсликува мисијата и визијата на училиштето. Преку Развојниот план се реализира развојното планирање, но за истото се користат податоци и дописи од пописот на инвентар, укази од МОН и БРО и одлуки на УО, Советот на родители, Наставничкиот совет и Препораките од Интегралната евалуација. Во развојното планирање делумно се вклучени сите релевантни субјекти и за сите активности се информирани учениците, наставниците и родителите. Училиштето ги следи потребите од стручно усовршување на кадарот, испраќа наставници на сите предвидени обуки организирани од МОН и БРО и се врши дисеминација на стекнатите знаења. Преку списокот од попис на инвентар училиштето ги идентификува недостатоците од истиот и во рамките на своите финансиски можности врши набавка на нов или одржување на постојниот инвентар. Училиштето за осовременување на својата инфраструктура изработува проекти и соработува со ЛС за нивно вклучување во обезбедување на финансиски средства. Треба да се напомени дека развојното планирање се предвидува за основното и за подрачните училишта со оглед на фактот дека училиштето има шест подрачни згради. |

| | |
|---|---|
| **на училиштето за обезбедување на средства од локалната зедница, самоуправа, донатори и сл.** | |

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ **Програма за развој на училиштето;** |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ **Потреба од план за апликација на проекти од НО;**<br>✓ **Недоволна опременост со материјално-технички средства;**<br>✓ **Инфраструктурата делумно ги задоволува условите за работа;** |

## ***Извештај од извршената самоевалуација***

## ***на ООУ „Никола Карев“ – Крушево***

***Извештајот е изготвен врз основа на Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта, донесен врз основа на член 149 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/0, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 10/12 и 24/13).***

***Самоевалуацијата е спроведена за периодот од две наставни години (2015/16- 2016/17г.) согласно Законот за основно образование .***

***За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Проектот за модернизација на образованието и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.***

***Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките, но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување.***

***Во процесот на спроведување на самоевалуацијата беше користена целокупната евиденција и документација на училиштето, како и податоци од професионалните досиеја на наставниците, од евиденцијата на стручните соработници, директорот, секретарот и резултатите од спроведените анкетни прашалници за родителите, учениците и наставниците, согласно индикаторите во секое од подрачјата.***

***Извештајот е донесен врз основа на анализата на сите податоци кои тимот за самоевалуација на училиштето ги доби преку проверка на потребната документација, преку средби и разговори со вработените, со родители и ученици за сите сегменти во воспитнообразовниот процес.. Во текот на работата беа спроведени анкети со учениците, наставниците и родителите.***

***Сите добиени податоци се сумираа, се анализираа и се истакнаа позитивните, односно јаки страни во работењето на училиштето, но исто така се дијагностицираа и слабите страни по што следат предлог мерки за нивно надминување.***

***Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и да ги искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно - образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се надминуваат, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.***

***Во текот на работата беа евалуирани следниве подрачја:***

1. **Наставни планови и програми**
2. **Постигања на учениците**
3. **Учење и настава**
4. **Поддршка на учениците**
5. **Училишна клима и односи во училиштето**
6. **Ресурси**
7. **Управување, раководење и креирање политика**

***При евалуацијата на првото подрачје:***

**„Наставни планови и програми“** ***се користени следниве***

***<u>Индикатори:</u>***

- **Реализација на наставните планови и програми**
- **Квалитет на наставните планови и програми**
- **Воннаставни активности**

***Констатирани се следните јаки и слаби страни.***

***<u>Јаки страни:</u>***

- ✓ ***Годишните планирања и тематско процесните планирања на наставниците содржат неопходни елементи за успешна реализација на наставниот час и наставната програма;***
- ✓ ***Училиштето има донесено Програма за работа со деца со посебни образовни потреби по одделенија;***
- ✓ ***Училиштето зема активно учество во организацијата и присуството на семинари во текот на учебната година;***
- ✓ ***Училиштето соработува со локалната заедница и невладиниот сектор;***
- ✓ ***Во училиштето функционираат активи по сите наставни предмети;***
- ✓ ***Наставниците планираат и реализираат воннаставни активности;***
- ✓ ***Учениците учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации***

- ***Доделување на награди на учениците кои постигнале успех на натпревари и избор на првенец на генерација;***

***<u>Слаби страни:</u>***

- ***Активностите за прибирање и разгледување на мислења за наставните планови и програми од наставниците и родителите во однос на покрената иницијатива за нивно изменување до МОН и БРО не се реализирани во целост;***
- ***Недоволна реализација на ИКТ содржините;***
- ***Отстапки при реализацијата на дел од наставните содржини кај дел од наставниците;***
- ***Слаб ангажман при анимирањето на родителите за разгледување на квалитетот на наставните планови и програми;***
- ***Опременоста со нагледни средства;***
- ***Просторните услови;***

***<u>Предлог - мерки за идни активности:</u>***

- ***Финализирање на започнатите активности за измена на наставните планови и програми од страна на одговорните во училиштето;***
- ***Да се санираат амортизираните компјутери, да се опремат ПУ со компјутерска опрема и квалитетна интернет мрежа;***
- ***Да се обезбедат потребните нагледни средства и наставни помагала и потрошен материјал за секојдневните потреби на наставниците;***
- ***Да се изградуи стратегија за анимирање на родителите за разгледување на квалитетот на наставните планови и програми;***
- ***Во подрачните училишта да се создадат можности за нормални услови за работа(стандардни училници, спотрски терени...);***

***При евалуацијата на второто подрачје***

**„Постигања на учениците** ***“ се користени следниве***

***<u>Индикатори:</u>***

- **Постигања на учениците**
- **Задржување / осипување на учениците**
- **Повторување на учениците**

***Констатирани се следните јаки и слаби страни:***

***<u>Јаки страни:</u>***

- ✓ ***Се следи општиот успех на учениците по квалификациони периоди;***
- ✓ ***Наставниците користат современи техники и методи, ИКТ во наставата, проекти, презентации и сл. за подобрување на постигањата на учениците;***
- ✓ ***Стручната служба-педагогот и наставниците ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби;***
- ✓ ***Се следат постигањата на учениците од различен пол и етничка припаднос.***
- ✓ ***Училиштето соработува со родителите за зголемување на редовноста кај учениците;***
- ✓ ***Организирани советувања од страна на педагогот со дел од родителите;***

***Слаби страни:***

- ✓ ***Интересот на учениците за додатна настава во предметната настава е мал;***
- ✓ ***Наставниците од подрачните училишта делумно реализираат дополнителна и додатна настава***
- ✓ ***Зголемување на бројот на неоправдани изостаноци кај учениците од паралеки на македонски наставен јазик;***

***Предлог - мерки за идни активности:***

- ✓ ***Мотивирање на учениците со покреативни методи;***
- ✓ ***Да се создадат просторни и временски можности за комплетна реализација на наставата во ПУ;***
- ✓ ***Едукација на родителите и учениците за надминување на состојбата со бројот на изостаноци;***

***При евалуацијата на третото подрачје***
**„Учење и настава“** ***се користени следните***
***Индикатори:***

- ***Планирања на наставниците***
- ***Наставен процес***
- ***Искуства на учениците од учењето***
- ***Задоволување на потребите на учениците***
- ***Оценувањето како дел од наставата***
- ***Известување за напредокот на учениците***

***Констатирани се следните јаки и слаби страни:***

***Јаки страни:***

- ***Стручната служба-педаогот најмалку еднаш во едно полугодие ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата;***
- ***Наставниците, размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја прават во рамките на стручните активи, во разговор со колеги од колективот и во разговор со колеги од истородни предмети од други училишта;***
- ***Училиштето реализира слободни ученички активности според Нансен моделот за интегрирано образование на албански и македонски јазик.***
- ***За реализирање на наставата наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Притоа, тие ги користат расположливите ресурси во училиштето;***
- ***Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења. На овој начин се гради доверба помеѓу наставниците и учениците;***
- ***Приодот на наставникот со учениците е индивидуален и адекватен според можностите, способностите и интересите на ученикот;***
- ***Вклучување на учениците во различни проекти***
- ***Ученичките трудови се истакнувани на видни места;***
- ***Учениците имаат можност да го кажат своето мислење и да учествуваат во давање предлози ;***
- ***Наставниот кадар и стручната служба систематски ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик;***
- ***Се користат разновидни техники за откривање и воочување на образовните потреби на секој ученик;***

- ***Поголем број наставници имаат индивидуален пристап кон секој од учениците;***
- ***Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање: преку темелно објаснување на материјалот, разговор за нивните интереси, индивидуални разговори за разни теми, разговори за проблеми од лична природа.***
- ***Индивидуални разговори со родителите;***
- ***Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби***
- ***Наставниците користат различни методи и форми на оценување;***
- ***Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците***
- ***Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата;***
- ***Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува;***
- ***Средбите со родителите се добро организирани и на нив јасно се пренесуваат информациите;***
- ***Родителите добиваат и пишани документи: евидентни листови, свидетелстава и дипломи со информации и детали за напредокот на нивното дете во воспитно-образовниот процес;***
- ***Средби педагог-родители (на децата кои постигнуваат слаби резултати)***

***<u>Слаби страни:</u>***

- ***При изработка на распоредот на часови запоставен е педагошкиот елемент;***
- ***Не е реализирана обука за наставниците за изготвување на индивидуални образовни планови за ученици со посебни образовни потреби;***

- ***Недостасува реализација на отворени часови, организирани од наставниците, за меѓусебна размена на искуства;***
- ***Распоредот на клупите во училниците во кои има компјутерска техника ја отежнува работата и ја попречува креативноста на предметните наставници;***
- ***Училиштето нема пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес.***
- ***Со проектот „Компјутер за секое дете“, заради распоредот на клупите, во некои простории се оневозможува групна работа;***
- ***Училниците во предметна настава не делуваат како стимулирачка средина;***
- ***Мало вклучување на учениците во метод на самооценување***

***<u>Предлог - мерки за идни активности:</u>***

- ***При изработката на распоредот на часовите - задолжителна консултација со педагогот и директорот и соработка со наставниците;***
- ***Училиштето да обезбеди услови и обучувачи_ за изготвување на индивидуални образовни планови за ученици со посебни образовни потреби;***
- ***Да се изгради стратегија за реализација на отворени часови и да се започне со нивна реализација;***
- ***Нов распоред на клупите и прераспоред на компјутерите во одредено катче;***
- ***Во најкраток можен рок да се изготви интерна процедура за следење на наставниот процес;***
- ***Едукација на учениците за претворање на училницата во стимулирачка средина и нејзино чување и одржување;***
- ***Задолжително вклучување на учениците во методот на самооценување со посебно внимание за објективноста на нивните ставови;***

***При евалуацијата на четвртото подрачје***

**„Поддршка на учениците** *“ се користени следниве*

***Индикатори:***

- **Севкупна грижа за учениците**
- **Здравје**
- **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**
- **Следење на напредокот**

***Констатирани се следните јаки и слаби страни:***

***Јаки страни:***

- ✓ ***Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата;***
- ✓ ***Училиштето има изработено Правилник за заштита и спасување од елементарни и други несреќи и Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;***
- ✓ ***Педагогот организира и реализира советодавна работа со учениците кои манифестираат различни облици на неприлагодено однесување;***
- ✓ ***Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци;***
- ✓ ***Едукација на учениците преку предавања од страна на стручни лица за превенција и ширење на заразни болести;***
- ✓ ***Секојдневно следење на отсуствата поради болест***

- ***Училиштето им нуди можност на учениците од деветто одделение да присуствуваат на повеќе презентации од претставници од средни училишта, кои ќе им помогнат при изборот на своето понатамошно учење;***
- ***Училиштето соработува со Здравствениот дом, Центарот за социјални работи и други организации и институции;***
- ***Евиденцијата за постигнувањата на учениците им е достапна на сите , на учениците и на нивните родители;***
- ***Соработката меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските наставници и родителите за постигањата на учениците е добра.***
- ***За подобрување на резултатите на учениците и наставата, функционираат активите по сродните предмети кои соработуваат, за решавање на одредени проблеми или надминување на слабостите по соодветните предмети;***

***<u>Слаби страни:</u>***

- ***Контрола на безбедноста од човечки фактор;***
- ***Пристап на учениците со телесни пречки во развој во подрачните училишта;***
- ***Хигиената во дел од подрачните училишта не ги задоволува стандардите;***
- ***Нема пропишана процедура на училиштето за откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми;***
- ***Училиштето има неопходна потреба од психолог , а по можност и дефектолог;***
- ***Резултатите од изготвените извештаи не подлежат на комплетна анализа;***

***<u>Предлог - мерки за идни активности:</u>***

- ***Ангажирање на ученици од осмо и деветто одделение и дел од пом.тех.персонал за контрола и евиндентирање на движењето во училиштето (надворешни лица);***
- **Задолжително обезбедување пристап (рампи) за потребите *на учениците со телесни пречки во развој во подрачните училишта;***
- ***Училиштето да направи напори за обезбедување финансиски средства за одржување на хигиената и да воведе поголема контрола и ревизија на хигиеничарите, особено во подрачните училишта;***
- ***Надлежните структури во најкраток можен рок, да изготват пропишана процедура на училиштето за откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми;***
- ***Училиштето во соработка со ЛС и МОН да вложи огромен напор за обезбедување на соодветен кадар – психолог и дефектолог;***
- ***Да се врши комплетна анализа на резултатите по секој изготвен извештај;***
- 

***При евалуацијата на петтото подрачје***

**„Училишна клима** *“ се користени следниве*

***<u>Индикатори:</u>***

- ***Училишна клима и односи во училиштето***
- ***Промовирање на постигањата***
- ***Еднаквост и правичност***
- ***Партнерски односи со родителите и со локалната и деловната заедница***

***Констатирани се следните јаки и слаби страни:***

***Јаки страни:***

- ***Професионално изведување на наставата во училиштето, согласно визијата и мисијата на истото;***
- ***Почитување на Кодексот на однесување од страна на поголем дел од наставниците и вработените во училиштето;***
- ***Се промовираат постигањата на учениците, во согласност со можностите на училиштето, а притоа се зголемува мотивацијата кај учениците за понатамошна работа и постигнување на поголеми успеси;***
- ***Училиштето има усвоено Правилник со критериуми за избор на првенец на генерација;***
